# И З В Е Ш Т А Ј

**За активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за период од шест месеци**
**(за периодот од 15.09.2017 до 15.03.2018)**

**15.03.2018**
**Скопје**

Согласно член 7 став 2 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Службен весник на Република Македонија бр. 159/15) на 15.03.2018 година го поднесувам следниот (петти) :

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за период од шест месеци**
**(за периодот од 15.09.2017 до 15.03.2018)**

## I. Карактеристики на петтиот извештаен период

Најважните одбележја содржани во Петтиот извештај за активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (во натамошен текст ова Јавно обвинителство) за периодот од 15- ти септември 2017 година до 15-ти март 2018 година се одобрувањето на речиси сите поднесени обвиненија поднесени во текот на четвртиот извештаен период, како и донесувањето на првите пресуди по предметите кои се водат пред ова Јавното обвинителство.

Во текот на Извештајниот период од страна на судот се целосно одобрени 15 обвиненија поднесени во месец јуни 2017 година. Во оваа смисла, петтиот извештаен период несомнено претставува потврда на целокупната работа на тимот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од неговото започнување со работа и заклучно со поднесувањето на овој Извештај.

Како резултат на одобрувањето на обвиненијата кои претходно ги поднесовме, во извештајниот период започнаа или се закажаа рочиштата за најголем број од поднесените обвиненија. Уште повеќе, овој период веројатно најмногу ќе го одбележат првите донесени пресуди за вкупно 11 обвинети лица, кои претставуваат резултат на квалитетната работа и превземените дејствија во спроведените истраги со кои се обезбедија цврсти докази.

Заради навистина големиот интерес на јавноста чувствувам обврска да информирам дека во изминатиот период се превземени предистражните предмети од Основното јавно обвинителство Скопје и од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје и тоа

предметите познати во јавноста како СКОПЈЕ 2014, АКТОР, предметот за објектот КОСМОС и предметот за ПОПИСОТ на населението во 2011 година. За истите во рамки на законскиот рок од 8 дена се донесени решенија за воспоставување на наша надлежност и истите се припоени или се отворени нови предистражни постапки кои се водат во ова Јавно обвинителство.

Во текот на петтиот извештаен период отворени се вкупно 7 нови истражни постапки против вкупно 17 лица.Покрај тоа, сериозноста и обемноста на преземените дејствија во рамки на предистражните постапки во овој извештаен период придонесе за постигнување значаен напредок во голем дел од предметите во фаза на предистражна постапка.

При поднесување на четвртиот Извештај за активностите на ова Јавно обвинителство ја потенцирав потребата од постоење на соодветен временски период за истражување и превземање на потребните дејствија за докажување на навистина сложените кривични дела кои се предмет на работа на ова Јавно обвинителство пред се мислејќи на структурата по кривични дела кои евидентно од предметите кои се водат пред ова Јавно обвинителство во најголем дел се кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување, различни начини на злоупотреба на постапката за јавни набавки, кривични дела против изборите и гласањето сторени во неколку изборни периоди, како и комплексните финансиски истраги, но и предметите во кои се истражува перењето на пари.

Досегашните резултати укажуваат на важноста од квалитетно спроведените истраги од страна на тимовите на ова Јавно обвинителство што беше предуслов за одобрување на поднесените обвиненија и остварениот успех во постапувањето. Наведеното несомнено претставува резултат на заложбата и посветеноста на целокупниот тим на ова Јавно обвинителство со цел прибавување на навистина обемна документација, опсежни и сеопфатни материјални докази, употреба на меѓународната правна помош во предметите, сослушување на голем број сведоци, како и обезбедување на неопходните вештачења.

Сепак и покрај многубројните укажувања од моја страна во извештајниот период не беа обезбедени законски гаранции со кои би се регулирала положбата на ова Јавно обвинителство, а во функција на остварување на надлежностите за кои ова Јавно обвинителство е основано, како и во насока на оневозможување на неказнивост за кривичните дела од надлежност на ова Јавно обвинителство. Воедно, не би смеела да се занемари улогата на ова Јавно обвинителство во борбата против корупцијата и подигнување на степенот на правна сигурност на граѓаните.

Постигнатите резултати несомнено покажуваат дека ова Јавно обвинителство е одлучно во намерата да ја исполни целта заради која е формирано и ќе продолжи со истражување на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Во претходниот извештај особено беше потенцирано значењето на Решението на Апелациониот суд Скопје со кое беше утврдено дека аудио записите се дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката. Ваквото решение го потврдува фактот дека врз основа на законските одредби аудио записите од телефонските разговори се внесени во домашниот правен поредок од кои причини ова Јавно обвинителство има обврска за ефективно и темелно истражување на сериозните повреди и прекршувањата и санкционирање на сторителите во рамки на својата законска надлежност по однос на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Не земајќи ја предвид вака воспоставената судска пракса во текот на извештајниот период во половина од поднесените обвиненија аудио записите беа издвоени од списите на предметите како докази прибавени на незаконит начин и со кршење на правата и слободите на граѓаните. Иако со вака донесените одлуки беа пролонгирани постапките за одобрување на поднесените обвиненија од страна на судот сепак за мене и за мојот тим од исклучително значење е фактот што од страна на Апелациониот суд беа уважени сите жалби вложени од наша страна и беа донесени решенија согласно воспоставената судска пракса.

## II. Човечки ресурси и оперативни активности во предметите во ова Јавно обвинителство

### II.1 Човечки ресурси

Од воспоставувањето на концептот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, стекнувањето на кредибилитетот на ова Јавно обвинителство, неговото позиционирање како во домашниот правосуден систем, но исто така и неговата признаеност и препознаеност во меѓународни рамки несомнено го потврдува фактот дека организационата и структуралната поставеност која во пракса функционира претставува важен предуслов за исполнување на основната мисија на ова Јавно обвинителство. Особено сум горда што напредокот и резултатите кои досега ги имаме постигнато се резултат на тимската работа која подразбира и вклучува пристап на заедничка работа на јавните обвинителите со истражителите, стручните соработници, економските советници и ИТ одделението, а која поставеност даде исклучителен придонес во резултатите постигнати од страна на Јавното обвинителство со кое раководам. Од овие причини уверена сум дека концептот на организациона поставеност на ова Јавно обвинителство во идниот период ќе претставува успешен и функционално ефикасен пример и за други јавни обвинителства како во земјата така и во поширокиот регион.

Согледувајќи го реалниот обем на работа како и потребата за зајакнување на капацитетите на ова Јавно обвинителсто во смисол на негово доекипирање во извештајниот период како резултат на претходно објавениот

јавен оглас за вработување за вкупно 35 работни места од 1 декември 2017 година тимот на ова Јавно обвинителство се зголеми за уште 15 лица.

Капацитетите на истражителскиот тим од 23 припадници на правосудната полиција - истражители доделени за работа во ова Јавно обвинителство од Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиска полиција не само што во целост одговорија на обемот и видот на работните задачи, туку и целосно ја оправдаа довербата која им беше дадена максимално вложувајќи се и превземајќи ги сите дејствија во рамки на законските овластувања кои ги имаат, од кои причини во овој период истражителскиот тим функционираше со неизменет број и состав.

## II.2. Оперативни активности и работа на предмети

Карактеристиките на работата на ова Јавно обвинителство во предистражните и истражните постапки и воспоставениот концепт опфаќаат координиран пристап на работа на истражителскиот тим доделен за работа во ова Јавно обвинителство во тесна соработка со јавните обвинители.

Дејствијата превземени од страна на истражителскиот тим доделен за работа во ова Јавно обвинителство во наведениот период опфаќаат 1434 превземени дејствија во рамки на нивните законски овластувања за кои се изготвени голем број на службени белешки, учества на истражителите во спроведени претреси, изготвени се анализи за обработена документација, остварени се оперативни контакти и оперативни проверки.

Бројот и видот на превземени дејствија од страна на истражителите ја покажува комплексноста на процесот на прибирање на податоци и документација, а што е од исклучителна важност при донесувањето на одлука дали има основи за натамошно постапување.

Во текот на извештајниот период во рамки на постапувањето по предметите кои се водат пред ова Јавно обвинителство преземени се вкупно 4216 дејствија.

### II.2.1 Предистражни постапки

Во текот на Извештајниот период заведени се 136 нови предистражни предмети. Од нив 23 предмети се формирани по сопствена иницијатива, а 113 предмети се формирани врз основа на пријави од други подносители. Вклучувајќи ги претходно отворените 99 активни предистражни постапки во ова Јавно обвинителство во моментот се во работа вкупно 235 предистражни постапки. Од овој број на предистражни постапки решени се вкупно 53 предмети, од кои 48 предмети се формирани врз основа на пријави од други подносители, а 5 предмети формирани по сопствена иницијатива се затворени. Во работа се

вкупно 182 предмети од кои 128 се активни предистражни постапки формирани по сопствена иницијатива.

Во текот на Извештајниот период преземени се голем број на дејствија во рамки на отворените предистражни постапки кои се однесуваат на незаконското следење на комуникациите, како и незаконитости во врска со финансирањето на медиумите, разни злоупотреби на постапки за јавни набавки, перење пари, разни коруптивни дејствија и разни злоупотреби на службена положба и овластувања и финансиски истраги, имајќи предвид дека дел од нив се отворени и пред овој извештаен период, а дел од нив во овој период преминаа во фаза на истраги.

Табеларен приказ на активностите и дејствијата преземени во предистражните постапки во извештајниот период

| Преземени дејствија во рамки на предистражните постапки | Вкупен број |
|---|---|
| Наредби чл. 283 и 284 од ЗКП | 44 |
| Наредба за вештачење | 3 |
| Наредба за преснимување на аудио материјали | 3 |
| Решение за трошоци | 8 |
| Покани за сведоци | 324 |
| Вкупен број на сослушани лица (сведоци и осомничени) | 208 |
| Записници за испитување на сведоци | 206 |
| Записник за испитување осомничен | 2 |
| Барања по член 287 од ЗКП | 2620 |
| Барања за асистенција | 1 |
| Барање за одземање предмети | 2 |
| Барање за привремено одземање компјутерски податоци | 1 |
| Барање до суд за издавање наредба за претрес | 10 |
| Решение за воспоставување стварна надлежност | 4 |
| Барање за увид | 68 |
| Известувања | 75 |
| Службени белешки | 27 |
| Ургенција | 73 |
| Записници за прием на материјал | 1 |
| Замолници за меѓународна правна помош | 3 |
| Дописи, Известувања, одговори | 21 |
| Потврда за одземени предмети | 9 |
| Решение за трошоци | 8 |
| Вкупно | 3721 |

### II.2.2 Истражни постапки

Во периодот од 15-ти септември 2017 година до 15-ти март 2018 година ова Јавно обвинителство отвори 7 нови истражни постапки, против вкупно 17 физички лица.

Доколку се разгледа структурата по кривични дела и во ново отворените истражни постапки во извештајниот период евидентно е дека повторно најголем дел од кривичните дела кои се во работа пред ова Јавно обвинителство се кривични дела од главата XXX од Кривичниот Законик – кривични дела против службената должност.

Табеларен приказ на активностите превземени по предметите кои се водат пред ова Јавно обвинителство во извештајниот период

| Преземени дејствија | Вкупен број |
|---|---|
| Наредба за спроведување на истражна постапка | 17 лица |
| Наредба за запирање на истражна постапка | 1 |
| Наредба чл.283 и чл.284 од ЗКП | 12 |
| Наредби за вештачење | 9 |
| Предлог за притвор | 1 |
| Предлог за издавање на наредби за привремено одземање на едмети | 1 |
| Предлог за продолжување притвор | 1 |
| Покана за претставник за оштетно лице | 1 |
| Покани за сведоци | 45 |
| Покани за осомничени | 1 |
| Покана за вешти лица | 1 |
| Вкупен број на сослушани лица (сведоци и обвинети) | 40 |
| Записници за испитување на сведоци | 37 |
| Записници за испитување на обвинети | 3 |
| Записник за предавање на списи и докази | 3 |
| Записник за увид во предмет | 8 |
| Барања по член 287 од ЗКП | 155 |
| Барања за деклсификација | 1 |
| Барања за екстрадиција | 1 |
| Барање за увид | 1 |
| Барање за преведување пишан материјал | 11 |
| Жалба | 12 |
| Одговор на жалба | 18 |
| Враќање на списи | 4 |
| Доставување податоци | 3 |
| Доставување превод на документација до суд | 8 |
| Известување | 15 |
| Мислења | 23 |
| Мислење по барање за продажба на имот под гаранција | 1 |

| | |
|---|---|
| Ургенција | 3 |
| Наредба за преснимување на аудио материјали | 11 |
| Решение за воспоставување стварна надлежност | 2 |
| Решение за трошоци | 33 |
| Решение за отфрлање кривична пријава | 1 |
| Решение за ослободување од должност за чување државна тајна | 1 |
| Службени белешки | 2 |
| Разни дописи | 8 |
| Поднесоци | 17 |
| Вкупно | 495 |

### II.2.3 Поднесени и одобрени обвиненија

Како што е веќе истакнато во воведниот дел, во извештајниот период целосно се одобрени вкупно 15 обвиненија поднесени во текот на месец јуни 2017 година.

Во извештајниот период јавните обвинители учествуваа во вкупно 87 постапувања пред судовите во Република Македонија, од кои 81 рочиште за главна расправа пред Основниот суд Скопје 1 и 6 јавни седници пред Апелациониот суд Скопје.

Во извештајниот период по предметите оформени по поднесување на обвиненијата од страна на ова Јавно обвинителство пред Основниот суд Скопје 1 Скопје од сите одржани рочишта само 19 се аудио визуелно тонски снимени. Дел од рочиштата токму поради не можност да се исполни овој законски предуслов се одложени на штета на ефективната судска постапка.

За извештајниот период суштински е да се напомене дека од поднесените 17 обвиненија во месец јуни 2017 година, за 10 од поднесените обвиненија, Советот за оценка на обвинителен акт при Основниот суд Скопје 1 Скопје донесе решенија со кои се издвојуваат списите на предметот доказите предложени во листа на докази односно аудио снимките од незаконското следење на комуникациите. Овие решенија беа обжалени од страна на ова Јавно обвинителство и постапувајќи по истите Апелациониот суд Скопје ги уважи сите жалби и утврди дека аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапките.

Од исклучителна важност е да се напомене дека во текот на овој извештаен период се донесени првите пресуди по поднесените обвиненија и тоа за вкупно 11 лица во 4 различни предмети, од кои затворска казна за 1 лице и

изречени алтернативни мерки-условни осуди за 10 лица, од кои донесени се пресуди врз основа на признание на вина за 4 лица во 3 различни предмети.

**II-3 Стручна помош и поддршка на јавното обвинителство**

Иако и во овој период во одреден дел беа ангажирани експерти и стручни лица во својство на правни експерти (советници) со цел користење на нивното стручно знаење и професионално искуство во толкување на позитивното право од доменот на ова Јавно обвинителство, сепак во петтиот извештај најголемиот фокус беше ставен во функција на обезбедување континуирана поддршка за употреба на инструменти за меѓународна правна соработка, обезбедување на потребните предуслови за користење на регионални и меѓународни инструменти за директна соработка и интензивирана размена на информации и податоци со особен фокус на финансиските истраги, но и кривичните дела од областа на корупцијата и перењето пари.

Стручното знаење и искуствата стекнати преку концептот изграден во рамки на работењето на ова Јавно обвинителство, од друга страна резултатите, но и предизвиците во изнаоѓањето на сите расположливи законски механизми за надминување на практичните пречки во работата придонесоа јавните обвинители и истражителите да земат активно учество како говорници и излагачи на повеќе домашни, но и регионални семинари конференции и работилници.

**II-4 Финансиско работење на Јавното обвинителство**

Финансирањето на работата на Јавното обвинителство, согласно член 15 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите се состои од средства за плати и надоместоци на јавните обвинители, плати и надоместоци на вработените во јавнообвинителската служба, средства за набавка на стоки и услуги, трошоци за време на постапките, вклучувајќи и средства за советувања и мислење од експерти, средства за професионално унапредување на јавните обвинители и вработените во јавнообвинителската служба, добивање на капитални инвестиции и средства за одржување на просториите и опремата во Јавното обвинителство.

Целокупното финансиско работење на Јавното обвинителство и во овој извештаен период се движи во рамки на одобрениот буџет како за 2017, така и за 2018 година. Од одобрените средства за 2017 година во периодот од 15.09.2017 година заклучно со 31.12.2017 година реализирани се средства во вкупен износ од 56.782.822,00 денари или 24,90%, Вкупната реализација на одобрениот буџет за 2017 година, заклучно со 31.12.2017 година изнесува

161.197.380,00 денари денари или 70,70% од буџетот на ова Јавно обвинителство.

Во 2017 година не се реализирани 29,30% од одобрениот буџет за 2017 година, односно не се потрошени средства во вкупен износ од 66.807.620,00 денари кои на 31.12.2017 година се повлечени во Буџетот на Република Македонија.

Од одобрениот буџет за ова Јавно обвинителство за 2018 година во вкупен износ од 228.633.000,00 денари, во периодот од 01.01.2018 година, заклучно со 15.03.2018 година реализирани се средства во вкупен износ од 36.408.500,00 денари или 15,92% од одобрениот буџет за 2018 година.

Во последниот квартал од 2017 година, но и во првиот квартал од 2018 година беа реализирани буџетски средства по однос на превземени обврски по основ на доделени договори за јавни набавки. Најголем дел од одобрените буџетски средства во периодот 15-ти септември 2017 година до 15-ти март 2018 година се реализирани со цел подмирување на превземените обврски по основ на трошоци за закуп имајќи предвид дека објектот во кој е сместено седиштето на ова Јавно обвинителство му е даден под закуп.

Покрај тоа, реализираните средства во овој период беа наменети за подмирување на обврските кои произлегуваат од потребата од обезбедување непречено и ефикасно функционирање на Јавното обвинителство. Во оваа смисла во извештајниот период зголемениот обем на работни активности на ова Јавно обвинителство како и доекипирањето на тимот на ова Јавно обвинителство ја наметнаа потребата од спроведување на јавни набавки за набавка на три возила како и компјутери и компјутерска опрема. И во овој извештаен период дел од средствата беа наменети за професионално унапредување на јавните обвинители и вработените во јавнообвинителската служба, ангажирање на експерти, но и подмирување на трошоците во постапките.

Наведените податоци и во петтиот извештаен период покажуваат континуитет во рационалното трошење на одобрените средства од страна на ова Јавно обвинителство и тоа единствено во функција негово нормално функционирање и превземање на потребните дејствија во постапките. При тоа, важно е да напоменам дека одобрениот буџет за 2017 година беше 10% помал од буџетот одобрен во 2016 година.

Постапувајќи по законски пропишаните обврски на 26.02.2018 година ова Јавно обвинителство до Централниот регистар на Република Македонија и до Државниот завод за ревизија ја достави завршната сметка за 2017 година. Воедно, ова Јавно обвинителство согласно законски пропишаните обврски на својата веб страна ги објавува завршните сметки.

Ова Јавно обвинителство како и претходно и во текот на овој извештаен период спроведува постапки за јавни набавки за набавка на стоки и услуги кои имаат за цел непречено и ефикасно функционирање на Јавното обвинителство согласно годишниот план за јавни набавки кој е јавно објавен и на веб страната на ова Јавно обвинителство спроведени беа постапки за јавни набавки.

## III. Анализирање на аудио фајлови и други материјали

И во текот на овој извештаен период Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите продолжи со преслушување, обработка и анализа на вкупно 606 555 аудио фајлови со кои располага ова Јавно обвинителство .

Заклучно со датумот на поднесување на овој Извештај се анализираше содржината на 515 572 аудио фајлови, односно во обработка се 85% од вкупниот број на аудио фајлови со кои располага ова Јавно обвинителство при што се изработени 1784 транскрипти каде што врз основа на преслушаните разговори постои индикација за сторено кривично дело.

Утврдената динамика на анализа и обработка на материјалите ќе продолжи и во претстојниот период. При анализа и обработката на материјалите се постапува согласно воспоставените интерни правилници и процедури за евидентирање на процесот на преслушување и обработка на материјалите како и обврската за целосно почитување на принципот на тајност и заштита на приватноста на граѓаните на Република Македонија и други лица, гарантирана со Уставот на Република Македонија и Европската конвенција за човекови права, и со тоа на секое лице да му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот.

И во текот на петтиот извештаен период продолжи процесот на одвојување на приватните разговори од разговорите кои се во обработка. Од вкупниот број на анализирани разговори 515 572, издвоени се 193 753 аудио фајлови за кои се утврди дека станува збор за приватни разговори.

Ова Јавно обвинителство исто така е во процес на анализирање на повеќе од 100 000 аудио фајлови кои се прибавени при спроведени претреси кај неколку лица и во тек е утврдување дали и во колкав број овие аудио фајлови претставуваат предмет на незаконското следење на комуникациите.

Во оваа смисла потребно е да потенцираме дека голем дел од материјалите со кои располага ова Јавно обвинителство повеќе пати се обработуваат и анализираат.

## IV.Постапување по предметите

## IV-1. НСК-КО бр.1/15 - ТИТАНИК

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.1/15, по поднесувањето на обвинителниот акт 20 обвинети лица поднеле приговори на обвинителниот акт со посебно барање за издвојување на незаконски докази (аудио материјали) повикувајки се на чл.12 од ЗКП. Советот за оценка на обвинителен акт при Основниот суд Скопје 1 Скопје го прифати барањето на одбраната и на ден 11.09.2017 година донесе Решение V КОК – ООА бр.27/17 од 11.09.2017 година, со кое се издвојуваат од списите на предметот материјалните докази под број 1, 2 и 3, предложени со листата на докази на обвинението НСК-КО бр.1/15 од 30.06.2017 година и тоа: доказ број 1 - DVD 1 со ознака НСК-КО бр.1/15, во кое се содржани 1000 аудио снимки од телефонски разговори, дадено во прилог на извештај НСК-КО бр.1/15 од 07.06.2017 година, доказ број 2 - DVD 1- дополнение, со ознака НСК-КО бр.1/15, во кое се содржани 63 аудио снимки од телефонски разговори, дадено во прилог на извештај НСК-КО бр.1 /15 од 28.06.2017 година и доказ број 3 - DVD-R марка Verbatim со ознака „СМС пораки НСК-КО бр.1/15", во кое се содржани снимени СМС пораки и 41 прилог од испечатени табели од содржината на СМС пораките, дадени во прилог на извештај НСК-КО бр.1/15 од 07.06.2017 година, како докази прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија.

Со Решение на Апелационен суд Скопје КСЖ-582/17 од 04.12.2017 година, жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите се уважува, со што аудио снимките и смс пораките стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оценка на обвинителен акт на ден 28.12.2017 година донесе решение V КОК – ООА бр.27/17 за одобрување на обвинителен акт кое решение е примено во Јавното обвинителство на 30.01.2018 година.

По одобрениот обвинителен акт оформен е судски предмет КОК.бр 7/18 и закажани се неколку датуми за рочишта и тоа 02.04.2018, 12.04.2018, 16.04.2018 и 26.04.2018 година.

Поради непочитување на издадените мерки на претпазливост и опасноста од бегство за обвинетиот Е.Т на ден 22.09.2017 година од страна на ова Јавно обвинителство беше поднесен предлог за определување на мерка притвор. Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје донесе решение КОК-КР бр.198/17 од 25.09.2017 година со која беше опредлена мерката притовр. Мерката притвор беше продолжена со решение КСП-КОК бр.664/17 од 26.10.2017 година . На 25.11.2017 година со решение КОК-КР бр.228/17 од 25.11.2017 мерката притвор беше заменета со мерка ќуќен притвор. До крајот на извештајниот период мерката куќен притвор неколку пати е продлжена и тоа со решение КСП-КОК

бр.664/17 од 25.11.2017 година, КСП-КОК бр.713/17 од 22.12.2017 година, КСП-КОК бр.17/18 од 26.01.2018 година, и решение КСП-КОК бр.40/18 од 23.02.2018 година.

**IV-2. НСК-КО бр.11/15 – ТИТАНИК 2**

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.11/15 Советот за оценка на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје, Специјализирано судско одделение за судење на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција на ден 02.10.2017 година донесе Решение II КОК-ООА Бр.21/17 со кое се издвојува од списите на предметот доказот предложен во листата на докази и тоа ДВД 1 со назнака НСК-КО Бр.11/15 со сериски број S/N MAPA 19TF19053666 во кое се содржани две аудио снимки од телефонски разговори, со образложение дека е доказ прибавен на незаконит начин и дека не може да се користи и врз него да се заснова судска одлука.

На ден 19.10.2017 година Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите поднесе жалба против Решението II КОК-ООА Бр.21/17 од 02.10.2017 година поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и поради погрешно утврдена фактичка состојба.

Одлучувајќи по жалбата на ова Јавно обвинителство, Апелациониот суд Скопје на ден 21.11.2017 година одржа јавна седница и донесе Решение КСЖ 573/17 со кое ја уважи жалбата, Решението II КОК-ООА Бр.21/17 на Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје, Специјализирано судско одделение за судење на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција од 02.10.2017 година го преиначи и предлогот на обвинетите да се издвои од списите на предметот доказот приложен во листата на докази во прилог на обвинението ДВД-1 со назнака НСК-КО Бр.11/15 со сериски број S/N MAPA 19TF19053666 во кое се содржани две аудио снимки од телефонски разговори го одби како неоснован со што аудио снимките стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оценка на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје, Специјализирано судско одделение за судење на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција на ден 01.12.2017 година донесе Решение II КОК-ООА Бр.21/17 со кое под точка I приговорите на осомничените Б.И, В.С, С.С и А.С ги одби како неосновани и обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО Бр.11/15 од 29.06.2017 година во однос на осомничените М.Т, Б.И, В.С, С.С и А.С го одобри. Под точка II од Решението приговорот на осомничените Б.Н.П, Л.И, Б.А, А.Џ, Г.Ф ги уважи, а обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во однос на овие осомничени го одби како неоснован со

образложение дека делото што е предмет на обвинителниот акт не е кривично дело.

На ден 07.12.2017 година Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите до Апелациониот суд Скопје изјави жалба против Решението II КОК-ООА Бр.21/17 од 01.12.2017 година на Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје, само под точка II од истото, поради повреда на Кривичниот Законик, а по која Апелациониот суд Скопје сеуште нема донесено одлука.

**IV-3. НСК-КО бр.15/15 - ТРАНСПОРТЕР**

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.15/15 На 05.06.2017 година на нејавна седница Советот за оцена на обвинителен акт при Основен суд Скопје 1 Скопје донесе решение I КОК ООА 9/17 со кое обвинителниот акт го одобри во целост.

Во текот на судската постапка одржани се 7 рочишта за главна расправа и тоа на 28.09.2017 година, 06.11.2017 година, 13.12.2017 година, 23.01.2018 година, 31.01.2018 година, 21.02.2018 година и 22.02.2018 година. На овие рочишта за главна расправа, се дадоа воведни говори од застапникот на обвинението и од одбраната на обвинетите. Во текот на месец март закажани се уште два термини за главна расправа и тоа на 07.03.2018 година и 09.03.2018 година на кои ќе бидат повикани и испитани сведоци предложени од ова Јавно обвинителство.

**IV-4. НСК-КО бр.16/15 - ПУЧ**

Со решение НСК-КО бр.16/15 од 09.02.2018 година е воспоставна стварна надлежност по предметот КО.бр.25/15 на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, против обвинетиот Звонко Костовски од Скопје спрема кој во постапката врз основа на Предлог-спогодба КО.бр.25/15 од 25.02.2015 година за кривично дело Неовластено прислушкување и тонско снимање од член 151 став 4 в.в. со став 1 а во врска со член 45 од КЗ и кривично дело Шпионажа од член 316 став 4 в.в со член 24 од КЗ, од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје е донесена пресуда IV КОК.ПП бр.131/15 од 25.02.2015 година.

На ден 13.02.2018 година од Основниот суд Скопје 1 Скопје, Одделение за организиран криминал и корупција се побарани списите на предметот IV КОК.ПП бр.131/15 со барање НСК-КО бр.16/15 од 13.02.2018 година истиот е доставен до ова Јавно обвинителство и е воспоставена надлежност.

**IV-5. НСК-КО бр.17/15 ТАРГЕТ/ТВРДИНА**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.17/15 со Решение I КОК-ООА.бр.28/17 од 15.09.2017 година на Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје, обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК – КО бр.17/15 од 30.06.2017 година, е одобрен во целост.

Во врска со поднесениот обвинителен акт, во Основен суд Скопје I Скопје оформен е предмет под број III КОК.бр.47/17.

Основниот суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал, постапувајќи по обвинителниот акт со обвинителен предлог НСК – КО бр.17/15 од 30.06.2017 година, а по претходно поднесена предлог спогодба на јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и обвинетата Е.Џ, во раздвоена нова кривична постапка, донесе Пресуда врз основа на признание на вина III КОК.бр.55/17 од 17.11.2017 година со која обвинетата ја огласи за виновна и на истата и изрече алтернативна мерка условна осуда, така што и утврди казна затвор во траење од 6 – шест месеци која казна нема да се изврши доколку обвинетата во временски период од 2-две години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Во однос на редовната кривична постапка која се води пред Основен суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција по повод поднесениот обвинителен акт на ова Јавно обвинителство НСК-КО бр.17/15 од 30.06.2017 година, судот закажа и одржа рочиште на ден 22.12.2017 година и на ден 17.01.2018 година. Следното рочиште е закажано за ден 27.03.2018 година на кое се очекува да бидат одржани воведни говори на странките.

Во овој предмет обвинети се и лицата Г.Г и Н.Б за кои во тек е постапка за екстрадиција на истите од Република Грција.

### IV-6. НСК-КО бр.21/15 - ТНТ

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр. 21/15, Советот за оцена на обвинителниот акт при Основниот суд Скопје 1 Скопје донесе Решение IX КОК-ООА бр.24/17 од 19.09.2017 година, со кое се издвојуваат од списите на предметот доказите предложени со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр.21/15 од 29.06.2017 година и тоа: аудио материјали-26 аудио снимки што се наоѓаат на ДВД 1, НСК-КО бр.21/15 со сериски број S/N MAPA19TF19053909 кое е во прилог на изештајот од раководителот на Одделението за информатика НСК-КО бр.21/15 од 26.05.2017 година и извештај од анализа на дата бази со СМС пораки НСК-КО бр. 21/15 од 19.05.2017 година, кои се однесуваат на предметот НСК-КО бр.21/15, со прилог ДВД со ознака СМС пораки НСК.КО.21/15 и прилози со текстуални пораки, со образложение дека се

докази прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија.

На ден 16.10.2017 година, ова Јавно обвинителство до Апелациониот суд Скопје поднесе Жалба против Решението IX КОК-ООА бр.24/17 од 19.09.2017 година на Советот за оценка на обвинителен акт при Основниот суд Скопје 1 Скопје поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и поради погрешно утврдена фактичка состојба.

Одлучувајќи по жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Апелациониот суд Скопје на ден 03.11.2017 година, одржа јавна седница и донесе Решение КСЖ бр.544/17 со кое ја уважи жалбата на ова Јавно обвинителство и Решението IX КОК-ООА бр.24/17 од 19.09.2017 година на Советот за оцена на обвинителниот акт при Основниот суд Скопје 1 Скопје го преиначи, со што издвоените докази од Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр.21/15, стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оценка на обвинителен акт при Основниот суд Скопје 1 Скопје на ден 13.11.2017 година донесе Решение КОК-ООА бр.24/17, со кое ги одби приговорите поднесени од одбраната, а обвинителниот акт НСК-КО бр. 21/15 од 29.06.2017 година го одобри во целост.

Во извештајниот период, беа закажани 3 рочишта по предметот НСК-КО бр.21/15 пред Основниот суд Скопје 1 Скопје-Одделение за организиран криминал и корупција, а се одржани 2 рочишта.

На рочиштето од ден 24.01.2018 година, обвинителите кои постапуваат по предметот НСК-КО бр.21/15 ги изнесоа своите воведни говори, а рочиштето беше одложено поради задолжението од Советот за доставување на одредени докази од страна на ова Јавно обвинителство, како и поради барањето на одбраната до Советот за прибавување на списи од друг кривичен предмет на увид.

Рочиштето од ден 09.02.2018 година се одложи со цел запознавање на обвинетите и нивните бранители со содржината на аудио снимките и СМС пораките доставени како доказ со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр.21/15 од 29.06.2017 година.

Рочиштето закажано за ден 15.02.2018 година, не беше одржано.

Со Решение за воспоставување на стварна надлежност А.бр.178/17 од 13.10.2017 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, беше воспоставена стварна надлежност врз предметот X КО 5

бр.1110/11 на Основното јавно обвинителство Скопје. Со оглед да беше утврдено дека предмет на обвинителниот акт и обвинителниот предлог Х КО 5 бр.1110/11 на Основното јавно обвинителство Скопје е истиот настан кој е опфатен со обвинителниот акт НСК-КО бр.21/15 од 29.06.2017 година и дека спаѓа во надлежност на ова Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, до Основниот суд Скопје 1 Скопје на ден 20.10.2017 година, од страна на ова Јавно обвинителство како надлежно за постапување по предметот, беше доставен поднесок за откажување од обвинителниот акт и обвинителниот предлог Х КО 5 бр.1110/11 на Основното јавно обвинителство Скопје, по што беше донесено Решение за запирање на кривичната постапка К.бр.1321/17 од 26.10.2017 година од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје.
Предметот Х КО 5 бр.1110/11 на Основното јавно обвинителство Скопје по превземањето од ова Јавно обвинителство, беше заведен под НСК-КО бр.13/17, по што беше споен кон предметот НСК-КО бр.21/15.

### IV-7. НСК-КО бр. 1/16 – ТИТАНИК 3

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.1/16 на 29.06.2017 со Решение XII КООА.бр.52/17 од 11.12.2017 година на Советот за оцена на обвинителен акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје, обвинителниот акт поднесен од ова Јавно е одобрен во целост.

Од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје сеуште не е закажан датум за рочиште.

### IV-8. НСК-КО бр.2/16 - ТОРТУРА

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.2/16, Советот за оценка на обвинителен акт при Основниот суд Скопје 1 на комуникациите донесе Решение XII КООА.бр. 53/17 од 04.09.2017 година со кое се издвојуваат од списите на предметот доказите предложени со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр. 2/16 од 29.06.2017 година и тоа: компакт диск CD-R марка Verbatim со сериски број CD1, НСК-КО бр. 2/16 S/N 6340104 BA9886, во кој се содржани 13 (тринаесет) аудио снимки од телефонски разговори и компакт диск CD-R марка Verbatim со сериски број DVD1, НСК-КО бр. 2/16 S/N MAPA19TF19053772, во кој се содржани 35 (триесет и пет) аудио снимки од телефонски разговори, со образложение дека се докази прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија.

На ден 29.09.2017 година Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите до Апелациониот суд во Скопје поднесе Жалба против Решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје, Судија за оцена на обвинителен акт XII КООА. Бр 53/17 од 04.09.2017 поради суштествени повреди на

одредбите на кривичната постапка и поради погрешно утврдена фактичка состојба.

Одлучувајќи по жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Апелациониот суд Скопје на ден 28.11.2017 година одржа јавна седница и донесе Решение КСЖ 590/17 со кое ја уважи жалбата на ова Јавно обвинителство, Решението на судијата за оценка на обвинителен акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје КООА бр. 53/17 од 04.09.2017 година го преиначи, со што издвоените докази од Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр. 2/16 од 29.06.2017 година, стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Судијата за оцена на обвинителен акт на Основниот суд Скопје 1 – Скопје, како судија поединец на ден 07.12.2017 година донесе Решение XII КООА. Бр. 53/17 со кое под точка I приговорите на осомничените Н.С, П.М и М.Ш ги одби како неосновани и обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО бр. 2/16 од 29.06.2017 година по однос на осомничените И.А, Н.С, Ф.А; П.М Ј.Б и М.Ш го одобри. Под точка II од Решението, приговорот на осомничениот С.М го уважи, а обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО бр. 2/16 од 29.06.2017 година го одби како неоснован со образложение дека нема доволно докази во прилог на обвинението. Во точка III од Решението приговорот на осомничениот Ф.А го отфрли како ненавремен.

Ова Јавно обвинителство на 25.12.2017 година до Апелациониот суд Скопје изјави Жалба против Решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје, Судија за оцена на обвинителен акт XII КООА. бр. 53/17 од 07.12.2017 година по основ на повреда на Кривичниот законик од член 416 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка и погрешно утврдена фактичка состојба од член 417 став 1 од Законот за кривичната постапка, со предлог Апелациониот суд Скопје да ја уважи жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, да го преиначи во точка II Решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје, XII КООА. бр. 53/17 од 07.12.2017 и да го одобри обвинителниот акт НСК-КО бр. 2/16 од 29.06.2017 година и по однос на осомничениот С.М. и да се спроведе единствена постапка.

Основниот суд Скопје 1 Скопје, преку судијата на претходна постапка, постапувајќи по жалбата за испитување на законитоста на постапувањето на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесена од осомничените на ден 15.06.2017, донесе Решение IV КНЗД. Бр. 3/17 од 13.02.2018 година со кое Жалбата за испитување на законитоста на

постапувањето на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите ја отфрли како недозволена.

По изјавена жалба од страна на одбраната против Решение IV КНЗД. Бр. 3/17 од 13.02.2018 година, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите поднесе одговор на жалба НСК-КО бр. 2/16 од 28.02.2018 година.

На 28.02.2018 година се одржа првото рочиште за кривичниот предмет К-1959/17 по НСК-КО бр. 2/16. Истото беше одложено заради немање услови да се одржи со образложение дека по жалбата вложена од страна на ова Јавно обвинителство против Решението XII КООА. Бр. 53/17 од 07.12.2017 година, Апелациониот суд Скопје сеуште нема донесено Одлука и истото го презакажа за 23.03.2018 година.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите на 28.02.2018 година поднесе Ургенција за постапување по жалба до Апелациониот суд Скопје кој сеуште нема одлучено.

**IV-9. НСК-КО 6/16 – ТВРДИНА 2**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.6/16 Основниот суд Скопје I Скопје пред кој предметот се води под К.бр.1905/16, закажа и одржа рочишта и тоа на ден 26.09.2017 година, потоа на ден 02.10.2017 година на кое судот донесе Решение на обвинетиот Г.Г да му се суди во отсуство и Решение да се изведат предложените докази на обвинението и одбраната во фаза на доказна постапка, како и рочиште на ден 02.11.2017 година на кое судот донесе решение со кое го прифати предлогот на ова Јавно обвинителство за дополнување на доказната постапка. На рочиштето одржано на ден 06.11.2017 година беа дадени завршни зборови на ова Јавно обвинителство и на одбраната.

Основниот суд Скопје I Скопје постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог на ова Јавно обвинителство НСК – КО бр.6/16 од 14.09.2016 година донесе Пресуда XXI К.бр.1905/16 од 08.11.2017 година со која сите обвинетите ги огласи за виновни така што:

- обвинетиот Г.Г го осуди на казна затвор во траење од 1 (една) година и 6 (шест) месеци,
- на обвинетите А.В,В.С, Д.С, С.Б и Д.З им изрече алтернативна мерка – Условна осуда, така што им се утврдува казна затвор во траење од по 1(една) година и истовремено се определува дека казната нема да се изврши доколку обвинетите во рок од по 3 (три) години, по правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело и

- на обвинетата М.К.С и изрече алтернативна мерка – Условна осуда, така што и се утврдува казна затвор во траење од 9 (девет) месеци која нема да се изврши доколку обвинетата за време од 2 (две) години, по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

## IV-10. НСК-КО бр.7/16 – НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.7/16 Основниот суд Скопје I Скопје пред кој предметот се води закажа рочиште на ден 28.09.2017 година е одложено поради недоаѓање на обвиниетите Д.К и М.А, следното рочиште е закажано за ден 20.11.2017 година.

На рочиштето одржано на 20.11.2017 година од страна на обвинетиот Т.Л дадено е признание на вина. На истиот датум е одржано рочиште за раздвоениот предмет 14К.бр.1745/17 за обвинетиот Т.Л кому со Пресуда 14К.бр.1745/17 од 20.11.2017 година му е изречена условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 6 месеци затвор и истовремено определува дека утвденара казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 години по правосилноста на пресудата нема да стори ново кривично дело. на кое му е изречена условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 6 месеци затвор и истовремено определува дека утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 години по правосилноста на пресудата нема да стори ново кривично дело. На тоа рочиште истото така е раздвоена постапката за обвинетиот Д.К, под судски бр.К-1747/17.

На 29.11.2017 одржано е рочиште на кое од страна на обвинетиот Ј.Р. дадено е признание на вина. Раздвоена е постапката за обвинетиот Ј.Р.

На 30.11.2017 година е одржано рочиште за раздвоениот предмет 14К.бр.1817/17 за обвинетиот Ј.Р кому со Пресуда 14К.бр.1817/17 од 30.11.2017 година му е изречена условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 6 месеци затвор и истовремено определува дека утвденара казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 години по правосилноста на пресудата нема да стори ново кривично дело.

На 07.12.2017 година одржано е рочиште, рочиштето се снимало.
На 18.12.2017 година одржано е рочиште за главна расправа. Нема записник
На 20.12.2017 година одржано е рочиште за раздвоена постапка бр.К-1747/17 за обвинетиот Д.К.
На 27.12.2017 година рочиштето за главна расправа е одложено, поради новиот судски распоред.
На 02.02.2018 година одржано е рочиште за главна расправа.

На ден 05.02.2018 година до Основен суд Скопје 1 Скопје поднесен е поднесок со технички измени на обвинение НСК-КО.бр.7/16 од 15.09.2016 година, против обвинетите: Н.Г, М.Ј, Д.Р, А.Т, Д.С, Д.Т, Т.П, М.А, М.П, Б.Б и И.Б.

На 19.02.2018 година и 05.03.2018 година рочиштата за главна расправа за раздвоената постапка бр.К-1747/17 за обвинетиот Д.К се одложени.

**IV-11. НСК-КО бр.8/16 - ТРЕЗОР**

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.8/16 на 12.10.2017 година од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје, донесени се Решенија I КОК-ООА бр.19/17, со кои приговорите против обвинителниот акт на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите, поднесени за обвинетите С.М, Г.Г и Н.С се отфрлаат како недозволени. Постапувајќи по поднесени жалби од страна на обвинетите од страна на Апелациониот суд Скопје се донесени Решенија со кои жалбите на обвинетите, поднесени од нивните бранители, се одбиваат како неосновани.

На ден 29.11.2017 година, од страна на Советот за оцена на обвинителен акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје е донесено Решение КОК-ООА бр.19/17, со кое приговорите од обвинетите, се одбиваат како неосновани и обвинителниот акт НСК-КО бр.8/16 од 29.06.2017 година, се одобрува во целост.

На 05.02.2018 година, беше закажано прво судско рочиште, но истото беше одложено, поради отсуство на првообвинетиот Г.Г, како и добивање на Одлука од страна на грчките органи, во однос на постапката за екстрадиција на обвинетиот, а истовремено и поради немањето на уредно полномошно, од кои причини рочиштето беше одложено за 29.03.2018 година.

**IV-12. НСК-КО бр.9/16 - ТОПЛИК**

Во рамките на предметот заведен под НСК-КО бр.9/16, Советот за оцена на обвинителниот акт при Основен суд Скопје I Скопје донесе решение III КОК-ООА бр.22/2017 од 11.09.2017 година, со кое се издвојуваат од списите на предметот доказите приложени со Листата на докази кон Обвинителниот акт НСК-КО бр.9/16 од 29.06.2017 година и тоа аудио материјали 11- аудио снимки што се наоѓаат на ЦД 1, НСК-КО бр.9/16 со сериски број S/N 6340104BB9885 кој е во прилог на извештајот од раководителот на одделение за информатика НСК-КО бр.9/16 од 26.05.2017 година и Исправка на Извештај НСК-КО бр.9/16 од 27.06.2017 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје.

На ден 28.09.2017 година, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на

комуникациите до Апелационен суд Скопје поднесе Жалба против Решение III КОК-ООА бр.22/2017 од 11.09.2017 година на Советот за оцена на Обвинителен акт при Основен суд Скопје I Скопје поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка.

Одлучувајќи по жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Апелациониот суд Скопје на ден 03.11.2017 година, одржа јавна седница и донесе Решение КСЖ-540/17 со кое ја уважи жалбата на ова Јавно обвинителство, решението на Советот за оцена на Обвиителен акт при Основен суд Скопје I Скопје III КОК-ООА бр.22/2017 од 11.09.2017 година го преиначи, со што издвоените докази од Листата на докази кон Обвинителниот акт НСК-КО бр.9/16, утврди дека аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оцена на Обвинителниот акт при Основен суд Скопје I Скопје-Одделение за организиран криминал и корупција на ден 21.11.2017 година донесе Решени III КОК-ООА бр.22/2017, со кое ги одби поднесените приговори од одбраната, а Обвинителниот акт НСК-КО бр.9/16 од 29.06.2017 година го одобри во целост.

Во извештајниот период одржани се 3 рочишта по предметот НСК-КО бр.9/16 и тоа : на ден 21.12.2017 година, рочиштето е одложено на барање на дел од бранителите, бидејќи од претходно биле ангажирани како бранители во друг предмет и не биле во можност да присуствуваат на закажаното рочиште.

На рочиште од ден 30.01.2018 година е побарано изземање на вештото лице кое има изготвено вешт наод и мислење и кој е дел од листата на докази доставени со Обвинителниот акт НСК-КО бр.9/16 од 29.06.2017 година, по што рочиштето е одложено со цел донесување на одлука по однос на предлогот на одбраната за изземање на вештото лице.

Рочиштето од ден 08.03.2018 година е одложено поради отсуство на обвинет во постапката, поради здравствени причини.

### IV-13. НСК-КО бр.10/16 - ТЕНДЕРИ

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр. 10/16 од страна на Советот за оценка на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје со Решение V КОК ООА бр.23/17 од 04.09.2017 година беа издвоени списите од предметот и тоа аудио снимките предложени со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК – КО бр.10/16 од 29.06.2017 година и тоа: компакт диск

CD-R марка Verbatim со ознака ЦД-3, НСК-КО бр.10/16, во кој се содржани пет аудио снимки од телефонски разговори, со образложение дека се докази прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија.

Од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје беше поднесена Жалба НСК – КО бр.10/16 од 28.09.2017 година против таквото решение, преку Основен суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција до Апелационен суд Скопје.

Со Решение КСЖ-534/17 од 01.11.2017 година на Апелационен суд Скопје, предлогот на обвинетите за издвојување на аудио снимките се одбива како неоснован, а жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје се уважува со што аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје – донесе Решение V КОК – ООА бр.23/17 од 26.12.2017 година со кое Обвинителниот акт НСК – КО бр.10/16 од 29.06.2017 година се одобрува во целост.

Од одобрувањето на Обвинителниот акт, одржано е едно судско рочиште на ден 21.02.2018 година на кое беа истакнувани процесни приговори од страна на одбраната.

На рочиштето одржано на 13.03.2018 година беше одлучувано по приговорите дадени од страна на одбраната, а исто така беа дадени и воведни говори.

### IV-14. НСК-КО бр.11/16 ШПИОН

Предметот е сеуште во постапка пред првостепен суд при што беа закажани рочишта на 26.09.2017 година, 07.11.2017 година, 14.12.2017 година, 23.01.2018 година и 05.03.2018 година и истите беа одложени поради отсуство на обвинетите.

Од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите на 23.02.2018 година беше доставена ургенција до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција која се однесува на претходно доставено барање за доставување на предметот кој се води против обвинетиот Зоран Божиновски со цел одлучување дали ќе се воспостави надлежност врз конкретниот предмет.

**IV-15. НСК-КО бр.2/17 - ТАРИФА**

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.2/17 од страна на Советот за оценка на обвинителниот акт при одделението за организиран криминал и корупција со Решение КОК-ООА 18/2017 од 01.11.2017 година обвинителниот акт е одобрен во целост.

Во текот на постапката, одржани се четири рочишта за главна расправа и тоа на 19.12.2017 година, на 26.01.2018 година, на 13.02.2018 година и на 01.03.2018 година. На овие рочишта за главна расправа, се дадоа воведни говори од застапникот на обвинението и од одбраната на обвинетите, а се испитаа и сведоци предложени од ова Јавно обвинителство.

Воедно, закажани се уште неколку термини за рочишта за главна расправа и тоа на 15.03.2018 година, 22.03.2018 година, 29.03.2018 година и на 11.04.2018 година.

**IV-16. НСК-КО бр.3/17 - ТЕНК**

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.3/17 од страна на Советот за оценка на обвинителен акт со Решение I КОК - ООА бр.20/17 од 11.09.2017 година беа издвоени списите од предметот и тоа аудио снимките предложени со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК – КО бр.3/17 од 29.06.2017 година и тоа: компакт диск CD-R марка Verbatim со ознака ЦД-2, НСК-КО бр.3/17, во кој се содржани осум аудио снимки од телефонски разговори, со образложение дека се докази прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија.

Од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје беше поднесена Жалба НСК – КО бр.3/17 од 13.10.2017 година против таквото решение, преку Основен суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција до Апелационен суд Скопје.

Со Решение КСЖ-548/17 од 07.11.2017 година на Апелационен суд Скопје, предлогот на обвинетите за издвојување на аудио снимките се одбива како неоснован, а жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје се уважува со што аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје – Одделение за гонење на организиран криминал и корупција донесе Решение I КОК – ООА бр.20/17 од 27.11.2017 година со кое Обвинителниот акт НСК – КО бр.3/17 од 29.06.2017 година се одобрува во целост.

Од одобрувањето на Обвинителниот акт, одржани се две судски рочишта на ден 30.01.2018 година, 12.02.2018 година и 16.02.2018 година.

Рочиштето на 30.01.2018 година беше одложено поради назначување на нов бранител од страна на обвинет за истиот да може подобро да се запознае со предметот.

На рочиштето на 12.02.2018 година истакнати се процесни приговори од страна на одбраната и донесени се процесни решенија по однос на истите.

На рочиштето одржано на 16.02.2018 година дадени се воведни говори.

**IV-17. НСК-КО бр.4/17 - ТРУСТ**

Во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.4/17 од страна на Советот за оценка на обвинителен акт при Основниот суд Скопје 1 – специјализирано судско одделение со Решенија XVI К-ООА-54/2017 од 29.09.2017 година, на Основниот суд Скопје 1 Скопје, приговорите поднесени од сите обвинети се одбиени како неосновани и обвинителниот акт на ова Јавно обвинителство е одобрен во целост.

Во досегашниот период по предметот закажани беа 16 судски рочишта, во текот на одржаните судски рочиште беа изведени материјалните докази предложени од страна на ова Јавно обвинителство во листата на докази приложена кон Обвинителниот акт, беа испитани повеќе сведоци и вештите лица кои беа предложени од наша страна, а моментално судското рочиште се наоѓа во фаза на испитување на вештото лице кое беше предложено од страна на одбраната, кое во дополнителната листа на докази има изготвено свој вешт Наод и мислење и истиот е закажан за 29.03.2018 година.

**IV-18. НСК-КО бр.5/17 - ТАБЛА**

Предметот заведен под НСК-КО бр.5/17 кој се води против 1 лице поради постоење на основано сомнение дека е извршено кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 5 в.в. став 1 од Кривичниот законик е во завршна фаза на истражната постапка во рамки на која се превземаат сите потребни дејствија за испитување на евентуална инволвираност и на други лица.

**IV-19. НСК-КО бр.6/17 - ТРИСТА**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.6/17 Советот за оценка на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје со Решение I КОК - ООА бр.20/17 од 11.09.2017 година ги издвои списите од предметот и тоа аудио снимките предложени со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК – КО бр.3/17 од 29.06.2017 година и тоа: компакт диск CD-R марка Verbatim со ознака

ЦД-2, НСК-КО бр.3/17, во кој се содржани осум аудио снимки од телефонски разговори, со образложение дека се докази прибавени на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија.

Од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје беше поднесена Жалба НСК – КО бр.3/17 од 13.10.2017 година против таквото решение, преку Основен суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција до Апелационен суд Скопје.

Со Решение КСЖ-548/17 од 07.11.2017 година на Апелационен суд Скопје, предлогот на обвинетите за издвојување на аудио снимките се одбива како неоснован, а жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје се уважува со што аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје – Одделение за гонење на организиран криминал и корупција донесе Решение I КОК – ООА бр.20/17 од 27.11.2017 година со кое Обвинителниот акт НСК – КО бр.3/17 од 29.06.2017 година се одобрува во целост.

Од одобрувањето на Обвинителниот акт, одржани се две судски рочишта на ден 30.01.2018 година, 12.02.2018 година и 16.02.2018 година.

Рочиштето одржано на 15.11.2017 година беше одложено поради здравствени причини на обвинетиот.

На рочиштето од 27.11.2017 година беше определено вешто лице од областа на невропсихијатрија.

На рочиштето одржано на 01.12.2017 година беше побарано од страна на вештото лице да се комплетира целокупната документација за да може да се изработи вешт наод и мислење.

На рочиштето од 28.12.2017 година беше презентиран вештиот наод и мислење од страна на вештото лице од областа на невропсихијатрија.

На рочиштето одржано на 19.02.2017 година беа дадени воведни говори.

**IV-20. НСК-КО бр. 7/17 - ТОТАЛ**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.7/17 од страна на Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје I Скопје е донесено Решение Скопје XXIII КООА бр. 49/17 од 03.10.2017 година со кое обвинителниот акт во целост е одобрен.

Како резултат на тоа, оформен е кривичен предмет К бр.1493/17.

Постапувајќи по барањето на обвинетиот за укинување на мерката на претпазливост - Забрана за превземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело и тоа сите работни активности како управител и сопственик на правните лица Друштво за маркетинг ТОТАЛ МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје и Друштво за маркетинг ТОТАЛ МЕДИА ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје и како сопственик на правното лице Друштво за маркетинг и истражување на пазарот МЕДИАМАКС ДООЕЛ Скопје, кои се поврзани со дејствијата кои му се ставаат на товар со обвинителниот акт, дадено е Мислење НСК-КО бр.7/17 од 16.11.2017 година да се одбие барањето како неосновано.

Наведеното барање со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје КС-КР бр. 1261/17 од 17.11.2017 година е одбиено како неосновано.

Постапувајќи по барањето на обвинетиот за укинување на определената мерка на претпазливост од член.146 став 1 точка 3 од ЗКП и за преиначување на мерката на претпазливост од член 146 став 1 точка 2 од ЗКП, од страна на ова Јавно обвинителство дадено е мислење НСК-КО бр.7/17 од 04.01.2018 година барањето на обвинетиот да се уважи делумно и на обвинетиот да му се дозволи издавање на нова патна исправа за преминување на државната граница со ограничен рок на важење од 6 месеци сметано од 05.01.2018 година до 05.07.2018 година, како и обврска на обвинетиот да се јавува два пати во месецот во судот. Со Решение на Основен суд Скопје 1 КС-КР бр.1448/17, КС-КР бр.1483/17 од 10.01.2018 година обвинетиот е задолжен да се јавува два пати месечно во судот, а дадена е и согласност да му се издаде нова патна исправа со ограничен рок на важење сметано од денот на издавањето на патната исправа до 05.07.2018 година.

Закажани се рочишта за главна расправа за ден 05.12.2017 година, 07.12.2017 година и 09.02.2018 година, кои се одложени и главната расправа не е започната.

На последното рочиште главната расправа е одложена за ден 30.03.2018 година.

**IV-21 НСК-КО бр. 8/17 - ТИФАНИ**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.8/17 со Решение на Советот за оцена на обвинителниот акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје, XII КООА бр.51/17 од 11.09.2017 година, со исправка на решението од 06.11.2017 година, се издвојува од списите на предметот доказот предложен со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр. 8/17 од 29.06.2017 година и тоа: компакт диск DVD-R марка Verbatim со ознака НСК-КО бр.8/17, DVD 1 со сериски

број S/N MAPA19TF19043895, во кој се содржани 28 (дваесет и осум) аудио снимки од телефонски разговори, кој е даден во прилог на Извештај на раководителот на Одделението за информатика НСК-КО бр.8/17 од 30.05.2017 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, како доказ прибавен на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на РМ.

Против наведеното решение изјавена е жалба од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО бр.8/17 од 06.10.2017 година поради суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од член 415 став 1 точка 11 и став 2 од ЗКП и поради погрешно утврдена фактичка состојба од член 414 став 1 точка 2 од ЗКП.

Со Решение на Апелациониот суд Скопје, КСЖ бр.653/17 од 28.12.2017 година, уважена е жалбата со што аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Обвинителниот акт е одобрен со решение на Основен суд Скопје 1 Скопје XII КООА бр. 51/17 од 05.01.2018 година.

Како резултат на тоа, оформен е кривичен предмет К бр.144/18.

Закажано е рочиште за главна расправа за ден 19.02.2018 година.

На главната расправа на 19.02.2018 година, обвинетата и претставникот на обвинетото правно лице ја признаа вината во однос на сите кривични дела содржани во обвинителниот акт, па судот изрече пресуда врз основа на признание. Со пресудата бр. 144/18, со која обвинетата И. Т. врз основа на признание на вина се огласува за виновна и се определува алтернативна мерка – условна осуда во траење од 2 години затвор која казна нема да се реализира доколку во следните 4 години не стори ново кривично дело, воедно и се определува парична казна во износ од 1.000 евра во денарска противвредност и се задолжува да ја надомести штетата од 1.671.611,00 денари за затаениот персонален данок како и 1.145.979,00 денари за правното лице С-Ц ДООЕЛ Скопје кое престанало да постои во 2013 година. Воедно на правното лице С-Г ДООЕЛ Скопје опфатено во обвинението му се изрекува парична казна од 200.000,00 денари, а согласно член 100 од КЗ се конфискува имотната корист од кривичното дело на правното лице С-Г ДООЕЛ Скопје во износ од 1.038.698,00 денари.

**IV-22 НСК-КО бр. 9/17 – ТРАЕКТОРИЈА**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.9/17 на 22.05.2017 година со Решение 10 КОК-ООА-25/2017 од 1.11.2017 година на Советот за оцена на

обвинителниот акт на Основниот суд Скопје 1, обвинителниот акт во целост е одобрен. Во овој предмет иако одбраната бараше издвојување на аудио снимките советот за оценка на актот, го одобри обвинителниот акт без да носи такво решение.

По одобрување на обвинителниот акт закажани беа неколку рочишта:

На рочиштето на 06.12.207 година на самиот почеток одбраната побара главната расправа да биде снимена во смисла на чл. 374 од ЗКП. Бидејки судот не беше технички подготвен расправата да се снима рочиштето беше одложено.

На 18.12.2017 година, до почеток на главната расправа не дојде поради бројни приговори на одбраната, а имајќи предвид дека судот беше огранничен во времето во кое можеше да ја користи судската сала рочиштето беше одложено.

На рочиштето на 26.12.2017 година до почеток на главната расправа не дојде поради најавената измена на составот на советот и каснењето на обвинетиот Н.Г.

На рочиштето на 31.1.2017 година поради изменетиот состав на советот, одбраната ги потвтори сите претходно дадени приговори по кои судот записнички одлучуваше

На рочиштето на 14.02.2017 година, одбраната продолжи со повторување на сите претходно дадени приговори по кои судот записнички одлучуваше а на постојаното повторување на исти приговори надвор од одредбите на ЗКП реагираше предметниот јавен обвинител.

На рочиштето на 01.03.2018 година –расправата се снимаше, дадени се воведни говори и од страна на ова Јавното обвинителство и од одбраната.

**IV-23 НСК-КО бр.10/17 - ТРЕВНИК**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.10/17 со решение на Судијата за оцена на обвинителниот акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје, XII КООА бр. 50/17 од 05.09.2017 година се издвојува од списите на предметот доказот предложен со Листата на докази кон обвинителниот акт НСК-КО бр. 10/17 од 29.06.2017 година и тоа: компакт диск DVD-R марка Verbatim со ознака НСК-КО бр.10/17, DVD 1 со сериски број S/N MAPA1T05380, на кој се содржани 137 (сто триесет и седум) аудио снимки од телефонски разговори, кој е даден во прилог на Извештај на раководителот на Одделението за информатика НСК-КО бр.10/17 од 30.05.2017 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на

комуникациите, како доказ прибавен на незаконит начин и со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на РМ.

Против наведеното решение изјавена е жалба од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО бр.10/17 од 06.10.2017 година поради суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од член 415 став 1 точка 11 и став 2 од ЗКП и поради погрешно утврдена фактичка состојба од член 414 став 1 точка 2 од ЗКП.

Со решение на Апелациониот суд Скопје, КСЖ бр.632/17 од 22.12.2017 година, уважена е жалбата на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, со што аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката.

Постапувајќи по барањето на обвинетиот С.П за укинување на мерката на претпазливост - Привремено одземање на патна исправа за преминување на државната граница, дадено е Мислење НСК-КО бр.10/17 од 23.11.2017 година да се одбие барањето како неосновано.

Со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје КС-КР бр. 1274/17 од 27.11.2017 година наведено барање е одбиено како неосновано.

Постапувајќи по барањето на обвинетиот З.П за укинување на мерката на претпазливост - Привремено одземање на патна исправа за преминување на државната граница, дадено е Мислење НСК-КО бр.10/17 од 23.11.2017 година да се одбие барањето како неосновано.

Со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје КС-КР бр. 1275/17 од 27.11.2017 година наведено барање е одбиено како неосновано.

Со Решение на Основен суд Скопје 1 Скопје XV КООА бр. 50/17 од 24.01.2018 година обвинителниот акт е одобрен во целост.

Како резултат на тоа, оформен е кривичен предмет К бр.238/18.

Закажано е рочиште за главна расправа за ден 14.03.2018 година.

**IV-24 НСК - КО бр.11/17 - ТАЛИР**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.11/17 истиот сеуште се наоѓа во фаза на истражна постапка.

**IV-25 НСК-КО бр.12/17 СОПОТ**

По воспоставувањето на надлежност над предметот преземен од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во фаза на главна расправа пред Основниот суд Скопје I Скопје. Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите како овластен тужител го застапуваше предметот на вкупно седум главни расправи.

Судската постапка се наоѓа во завршна фаза, на закажана следна главна расправа за 19.03.2018 година застапникот на обвинението и одбраната ќе го дадат својот завршен збор.

**IV-26 НСК-КО бр.14/17 -РЕНТГЕН**

Како резултат на прибавените докази во текот на предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување истражна постапка НСК-КО бр.14/17 од 19.12.2017 година против 1 лице поради постоење на основано сомневање дека сторило во стек две кривични дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од КЗ.

**IV-27 НСК-КО бр.15/17 - ПРОДУЦЕНТ**

Како резултат на прибавените докази во текот на предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување истражна постапка НСК-КО бр.15/17 од 19.12.2017 година против 1 лице поради постоење на основано сомневање дека сторило кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од КЗ.

**IV-28 НСК-КО бр.16/17 – ТРАНСПОРТЕР 2**

Како резултат на прибавените докази во текот на предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување истражна постапка НСК-КО 16/17 од 19.12.2017 година против 10 лица поради основано сомневање дека сториле кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик.

**IV-29 НСК-КО бр. 17/17 -ТАРИФА 2**

Како резултат на прибавените докази во текот на предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување истражна постапка НСК-КО

17/17 од 19.12.2017 година против едно лице поради постоење на основано сомневање дека сторило кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 ст.5 в.в со ст.4 в.в со ст.1 в.в со чл.45 од Кривичниот законик.

**IV-30 НСК-КО бр. 18/17 – СТРАНСКИ СЛУЖБИ**

Како резултат спроведената предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување истражна постапка НСК-КО 18/17 од 19.12.2017 година против 2 лица поради постоење на основано сомневање дека сториле кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик.

Поради фактот што едно од осомничените лице во ова истражна постапка се наоѓа во екстрадиционен притвор во Република Грција поради сторено кривично дело за кое се води друга кривична постапка, на 26.12.2017 година преку Министерството за правда на Република Македонија до Надлежен орган на Република Грција беше доставено барање за екстрадиција во Република Македонија со цел негово кривично гонење и во оваа кривична постапка за сторено кривично дело-Злоупотреба на службената положба и овластување од.чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 в.в. со чл23 од КЗ.

**IV-31 НСК-КО бр.19/17 - ДРУМАРИНА**

Како резултат спроведената предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување истражна постапка НСК-КО 19/17 од 19.12.2017 година против 1 лице поради постоење на основано сомневање дека сторило кривично дело Измама во службата од чл.355 ст.3 в.в. ст.1 в.в. чл.45 ст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик.

**IV-32 НСК-КО бр.19/17 - ЛИДЕРИ**

Како резултат на спроведената предистражната постапка донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка НСК-КО 19/17 од 19.12.2017 година против 1 лице поради постоење на основано сомневање дека сторило кривично дело Бесправно градење по чл.244-а од Кривичниот законик.

**IV-33 НСК КОЖ бр.1/17**

До Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од

страна на Апелациониот суд Скопје, на ден 10.10.2017 година доставен е предмет оформен по жалба на обвинетиот Н.Г против решението КОК КР бр. 181/17 од 25.09.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје. Жалбата е поднесена од обвинетиот Н.Г. , бидејки предлогот на одбраната за укинување на мерките на претпазливост е одбиен како неоснован . Постапувајки по жалата даден е предлог поднесената жалба да се одбие како неоснована . На ден 30.10.2017 година по одржана јавна седница на која присуствуваа јавни обвинители од ова Јавно обвинителство, Апелациониот суд Скопје донеесе решение КСЖ,бр. 510/17 со кое ја одби жалбата на обвинетиот Н.Г. како неоснована и во целост го потврди првостепеното решение.

**IV-34 НСК – КОЖ бр.2/17**

Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, постапувајќи по барањето на обвинетата Е.Џ. за укинување на определените мерки на претпазливост, донесе Решение КОК-КР.бр.186/17 од 27.09.2017 година со кое барањето на обвинетата Е.Џ. за укинување на мерките на претпазливост, го одби како неосновано.
Против ваквото Решение, жалба до Апелационен суд, поднел обвинетата Е.Џ. Постапувајќи по поднесената жалба, Апелациониот суд Скопје до ова Јавно обвинителство достави Барање на мислење КСЖ-508/17 од 12.10.2017 година, врз основа на кое пред ова Јавно обвинителство е оформен предмет под НСК – КОЖ.бр.2/17.

Постапувајќи по барањето на мислење, ова Јавно обвинителство до Апелациониот суд Скопје поднесе Предлог НСК – КОЖ.бр.2/17 од 18.10.2017 година да се одбие како неоснована жалбата на обвинетата Е.Џ.

Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по жалбата на обвинетата Е.Џ., донесе Решение КСЖ.бр.508/17 од 27.09.2017 година со кое жалбата на обвинетата ја одби како неоснована и го потврди решението на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-КР.бр.186/17 од 27.09.2017 година.

**IV-35 НСК– КОЖ бр.4/17**

Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, постапувајќи по барањето на обвинетиот Т.Ј. за укинување на определените мерки на претпазливост, донесе Решение КОК-КР.бр.185/17 од 09.10.2017 година со кое барањето на обвинетиот Т.Ј. за укинување на мерките на претпазливост, го одби како неосновано.

Против ваквото Решение, жалба до Апелационен суд, поднел обвинетиот Т.Ј. Постапувајќи по поднесената жалба, Апелациониот суд Скопје до ова Јавно обвинителство достави Барање на мислење КСЖ-522/17 од 18.10.2017 година,

врз основа на кое пред ова Јавно обвинителство е оформен предмет под НСК – КОЖ.бр.4/17.

Постапувајќи по барањето на мислење, ова Јавно обвинителство до Апелациониот суд Скопје поднесе Предлог НСК – КОЖ.бр.4/17 од 24.10.2017 година да се одбие како неоснована жалбата на обвинетиот Т.Ј.

Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по жалбата на обвинетиот Т.Ј., донесе Решение КСЖ.бр.522/17 од 25.10.2017 година со кое жалбата на обвинетиот ја одби како неоснована и го потврди решението на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-КР.бр.185/17 од 09.10.2017 година.

**IV-36 НСК– КОЖ бр 5/17**

На ден 03.11.2017 година од страна на Апелациониот суд Скопје до ова обвинителство доставен е кривичниот предмет против обвинетиот Е.Т. заради разгледување и достава на предлог по повод изјавената жалба против решение за продолжување на мерка притвор КСП-КОК бр.664/17 од 26.10.2017 година, поднесена од обвинетиот Е.Т.. На ден 06.11.2017 година од наша страна до Апелационен суд Скопје доставен е предлог жалбата на обвинетиот да се одбие како неоснована. Постапувајки по жалбата Апелационен суд Скопје на нејавна седница на ден 08.11.2017 година донесе решение КОЖ.бр. 550/17 со кое ја одби поднесената жалба на обвинетиот Е.Т. и го потврди веќе донесеното решение.

**IV-37 НСК– КОЖ бр.6/17**

По повод поднесена Жалба од обвинетиот Н.С., против Решението на Советот за оцена на Обвинителниот акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје- Специјализирано одделение за судење на сторители на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција КОК-ООА бр.19/17 од 12.10.2017 година со кое се отфрла поднесениот приговор, од страна на ова Јавно обвинителство изготвен е Предлог НСК-КОЖ бр.6/17 да се одбие како неоснована поднесената жалба, кој е доставен до Кривичниот Совет на Апелациониот суд во Скопје.

**IV-38 НСК– КОЖ бр.7/17**

По повод поднесена Жалба од обвинетиот С.М., против Решението на Советот за оцена на Обвинителниот акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје- Специјализирано одделение за судење на сторители на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција КОК-ООА бр.19/17 од 12.10.2017 година со кое се отфрла поднесениот приговор, од страна на ова Јавно обвинителство изготвен е Предлог НСК-КОЖ бр.7/17 да се одбие како

неоснована поднесената жалба, кој е доставен до Кривичниот Совет на Апелациониот суд во Скопје.

**IV-39. НСК– КОЖ бр.8/17**

Во врска со опредлените мерки за обезбедување присуство на обвинетите оформен е предмет по жалба на обвинетиот Љ.Г. На нејавна седница Апелациониот суд жалбата ја одби како неоснована.

**IV-40 НСК– КОЖ бр. 9/17**

До ова Јавното обвинителство од страна на Апелациониот суд Скопје, на ден 07.12.2017 година доставен е кривичниот предмет против обвинетиот Н.Г. заради разгледување и достава на предлог по повод изјавената жалба против решение КОК КР бр.217/17 од 08.11.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје. Од наша страна на ден 13.12.2017 година до Апелационен суд Скопје доставен е предлог жалбата на обвинетиот Н.Г. против решение КОК КР бр.217/17 од 08.11.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје , да се одбие како неоснована. Постапувајки по изјавената жалба Апелационен суд Скопје на нејавна седница на ден 14.12.2017 година жалбата на обвинетиот Никола Груевски ја одби како неоснована.

**IV-41 НСК– КОЖ бр.10/17**

Предметот е оформен во врска со жалбата на обвинетиот против решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје КС-КР бр.1261/17 од 17.11.2017 г. со кое е одбиено барањето на обвинетиот за укинување на мерката на претпазливост - Забрана за превземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело и тоа сите работни активности како управител и сопственик на правните лица Друштво за маркетинг ТОТАЛ МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје и Друштво за маркетинг ТОТАЛ МЕДИА ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје и како сопственик на правното лице Друштво за маркетинг и истражување на пазарот МЕДИАМАКС ДООЕЛ Скопје, кои се поврзани со дејствијата кои му се ставаат на товар со обвинителниот акт, определена спрема обвинетиот со решение на Кривичниот совет на Основниот суд Скопје 1 Скопје КСП бр. 173/17 од 29.06.2017 година.

По повод изјавената жалба, до Апелациониот суд Скопје е поднесен Предлог НСК-КОЖ бр.10/17 од 15.12.2017 година, да се одбие жалбата како неоснована и решението донесено од страна на Основниот суд Скопје I Скопје КС-КР бр.1261/17 од 17.11.2017 година да се потврди.

По повод жалбата, одржана е јавна седница на 20.12.2017 година на која присуствуваа јавни обвинители од ова јавно обвинителство.

Со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ бр. 631/17 од 20.12.2017 година се одбива жалбата на обвинетиот како неоснована и се потврдува решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје, КС-КР бр.1261/17 од 17.11.2017 година.

**IV-42 НСК– КОЖ бр.11/17**

Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, постапувајќи по предлогот на обвинетиот С.Б. за донесување на решение за укинување на определените мерки на претпазливост, донесе Решение КОК-КР.бр.195/17 од 29.09.2017 година со кое барањето на обвинетиот С.Б. за укинување на мерките на претпазливост го одби како неосновано.

Против ваквото Решение, жалба до Апелационен суд, поднел обвинетиот С.Б.. Постапувајќи по поднесената жалба, Апелациониот суд Скопје до ова Јавно обвинителство достави Барање на мислење КСЖ-651/17 од 20.12.2017 година, врз основа на кое пред ова Јавно обвинителство е оформен предмет под НСК-КОЖ.бр.11/17.

Постапувајќи по барањето на мислење, ова Јавно обвинителство до Апелациониот суд Скопје поднесе Предлог НСК – КОЖ.бр.11/17 од 26.12.2017 година да се одбие како неоснована жалбата на обвинетиот С.Б..

Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по жалбата на обвинетиот С.Б., донесе Решение КСЖ.бр.651/17 од 24.01.2018 година со кое жалбата на обвинетиот ја одби како неоснована и го потврди решението на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-КР.бр.195/17 од 29.09.2017 година.

**IV-43 НСК– КОЖ бр.1/18**

Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, постапувајќи по предлогот на обвинетиот С.М. за донесување на решение за укинување на определените мерки на претпазливост, донесе Решение КОК-КР.бр.235/17 од 11.12.2017 година со кое барањето на обвинетиот С.М. за укинување на мерките на претпазливост, го одби како неосновано.

Против ваквото Решение, жалба до Апелационен суд, поднел обвинетиот С.М.. Постапувајќи по поднесената жалба, Апелациониот суд Скопје до ова

Јавно обвинителство достави Барање на мислење КСЖ-42/18 од 01.02.2018 година, врз основа на кое пред ова Јавно обвинителство е оформен предмет под НСК-КОЖ.бр.1/18.

Постапувајќи по барањето на мислење, ова Јавно обвинителство до Апелациониот суд Скопје поднесе Предлог НСК-КОЖ.бр.1/18 од 23.01.2018 година да се одбие како неоснована жалбата на обвинетиот С.М..

Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по жалбата на обвинетиот С.М., донесе Решение КСЖ.бр.42/18 од 26.01.2018 година со кое жалбата на обвинетиот ја одби како неоснована и го потврди решението на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-КР.бр.235/17 од 11.12.2017 година.

**IV-44 НСК– КОЖ бр. 2/18**

До Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од страна на Апелациониот суд Скопје, на ден 24.01.2018 година доставен е кривичниот предмет против обвинетиот Н.Г. заради разгледување и достава на предлог по повод изјавената жалба против решение КОК КР бр. 245/17 од 28.12.2017 година на Основен суд Скопје 1 Скопје. Имено жалбата е поднесена од обвинетиот Н.Г. против решението КОК КР бр.245/17 од 28.12.2017 година на Кривичниот совет при Основен суд Скопје 1 Скопје , бидејки предлогот на одбраната за укинување на мерките на претпазливост поднесен на ден 15.12.2017 година е одбиен како неоснован . Постапувајки по изјавената жалба Апелационен суд Скопје на нејавна седница на ден 31.01.2018 година со решение КСЖ41/18 жалбата на обвинетиот Н.Г. ја одби како неоснована.

**IV-45 НСК– КОЖ бр.3/18**

Против Пресудата XXI К.бр.1905/16 од 08.11.2017 година на Основен суд Скопје I Скопје со која обвинетиот Г.Г. е осуден на казна затвор во траење од 1-една година и 6-шест месеци, а обвинетата В.С. е осудена на алтернативна мерка – условна осуда, жалба изјавија обвинетите Г.Г. и В.С.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во законски предвидениот рок до Апелационен суд Скопје изјави одговор на жалба.

Апелационен суд Скопје до ова Јавно обвинителство со допис – барање на мислење го достави кривичниот предмет К.бр.1905/16, заради разгледување и достава на предлог мислење по повод изјавените жалби при што пред ова Јавно обвинителство оформен е предмет НСК – КОЖ бр.3/18.

Постапувајќи по барањето на мислење, ова Јавно обвинителство до Апелационен суд Скопје поднесе Предлог НСК – КОЖ бр.3/18 од 30.01.2018 година по повод жалбата на обвинетиот Г.Г. и Предлог НСК – КОЖ бр.3/18 од 30.01.2018 година по повод жалбата на обвинетата В.С.

Апелациониот суд Скопје на ден 28.03.2018 година закажа јавна седница по повод поднесените жалби на обвинетите.

**IV-46 НСК– КОЖ бр.4/18**

До ова јавното обвинителство од страна на Апелациониот суд Скопје, доставен е кривичниот предмет оформен против обвинетиот Е.Т. заради разгледување и достава на предлог по повод изјавената жалба против решение КОК КР бр. 17/18 од 26.01.2018 година на Кривичниот совет на Основен суд Скопје 1 Скопје. Имено жалбата е поднесена од обвинетиот бидејки предлогот на одбраната за укинување на мерката кужен притвор е одбиен како неоснован . Постапувајки по изјавената жалба Апелационен суд Скопје на нејавна седница на ден 23.02.2018 година жалбата на обвинетиот Е.Т. ја одби како неоснована.

**IV-47 НСК-КОВ бр.1/16**

Предметот е оформен врз основа на Иницијатива за подигнување на барање за заштита на законитоста од осудениот З.К. до ова Јавно обвинителство, посочувајќи дека со наведената пресуда е извршена повреда на Законот на негова штета.

По однос на Барањето за заштита на законитоста поднесено против пресудата на Основен суд Скопје 1 Скопје КОК.ПП.бр.131/15 од 25.02.2015 година од страна на ова Јавно обвинителство на ден 14.09.2017 година пред Врховниот суд на Република Македонија се одржа нејавна седница во присуство на Јавни обвинители од ова Јавно обвинителство, на која седница Советот на Врховен суд на Република Македонија донесе пресуда Кзз.бр.38/2016 од 06.11.2017 година со која под точка I Барањето за заштита на законитоста делумно се уважува, пресудата на Основниот суд суд Скопје I Скопје КОК.ПП бр.131/15 од 25.02.2015 година се укинува во делот за кривичното дело-Шпионажа од член 316 став 4 во врска со член 24 од Кривичниот Законик и предметот во тој дел се враќа пред првостепениот суд на повторно постапување и одлучување, а под точка II пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје КОК.ПП бр.131/15 од 25.02.2015 година, во делот за кривичното дело Неовластено прислушкување и тонско снимање од член 151 став 4 во врска со став 1 и во врска со член 45 од Кривичниот Законик се преиначува заради правилна

примена на КЗ само во делот на кривичната санкција при што утврдената казна затвор за ова кривично дело се смета за изречена, а во останатиот дел по однос на кривичното дело Неовластено прислушкување и тонско снимање од член 151 став 4 во врска со став 1 и во врска со член 45 од Кривичниот Законик првостепената пресуда се потврдува.

**IV-48. НСК-КОВ бр.2/16**

По однос на барањето за заштита на законистоста поднесено против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ-394/16 од 19.09.2016 година од страна на ова Јавно обвинителство на ден 07.11.2016 година до Врховен суд на РМ, на ден 19.06.2016 година пред Врховниот суд на РМ се одржа нејавна седница во присуство на Јавен обвинител од ова Јавно обвинителство, на која седница советот на Врховниот суд на РМ донесе пресуда Кзз.бр.41/2016 со која барањето за заштита на законитоста се уважува и се утврдува дека со решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ-394/16 од 19.09.2016 година, сторена е повреда на одредбите на кривичнита постапка од член 415 став 1 точка 2 од ЗКП во врска со член 33 став 1 точка 5 од ЗКП, во корист на осомничениот В.Т. од Битола.

**IV-49. НСК-КОВ бр.1/17**

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите до Врховниот суд на Република Македонија поднесе Барање за заштита на законитоста НСК – КО бр.11/17 од 16.06.2017 година против решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција КИОК-КС.бр.101/2017 од 27.05.2017 година. По повод поднесеното Барање за заштита на законитост, а во врска со понатамошното постапување на Врховниот суд, ова Јавно обвинителство поднесе Известување за повлекување на Барање за заштита на законитост НСК – КОВ бр.1/17 од 12.12.2017 година поради намалена веројатноста дека до крајот на завршување на кривичната постапка ќе биде оттуѓен недвижниот имот за кој побарано определување на привремени мерки за обезбедување.

**IV-50. НСК – КОВ бр.2/17**

Во врска со поднесено барање КОК-КР бр.135/17 од 20.10.2017 година со кое се бара мислење по повод доставенот предлогот на осудениот М.Е. од Скопје за изрекување на единствена казна затвор, доставено е Мислење НСК – КОВ бр.2/17 од 27.10.2017 година за изрекување единствена казна до Основен суд Скопје 1 Скопје - Одделение за организиран криминал и корупција.

**IV-51. НСК – КОВ бр.3/17**

Со писмен допис на Врховниот суд на Република Македонија КВП.КОК2.бр.11/2017 од 25.10.2017 година, побарано е Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје да даде мислење, односно одговор по повод поднесените барања од осудените и тоа: од осудениот А.Д, од осудениот М.З, од осудениот А.А, од осудениот В.С, од осудениот М.Е, од осудениот Б.Ц, од осудениот М.Е, од осудениот Т.К, од осудениот М.Н и од осудениот Г.С, против правосилна пресудата VII КОК бр.107/13 од 06.10.2014 година на Основниот суд Скопје I Скопје и пресудата КОКЖ бр.35/16 од 26.09.2016 година на Апелационен суд Скопје, од страна на Јавното обвинителство беше доставен Одговор НСК – КОВ бр.3/17 од 08.11.2017 година до Врховен суд на Република Макдонија – Оддел за казниви дела, во врска со барањата за вонредно преиспитување на правосилна пресуда.

**IV-52. НСК – КОВ бр.4/17**

До Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во прилог на допис III КОЗ бр.159/17 од 26.10.2017 година на Јавното обвинителство на Република Македонија ни беше доставена иницијативата за поднесување на Барање за заштита на законитоста од обвинетата Е.К.М. од Скопје, во однос на решението на Апелационен суд Скопје КСЖ бр.378/17 од 24.07.2017 година, а во врска со решението на Основен суд Скопје 1 Скопје КСП КОК бр.384/17 од 30.06.2017 година кое се однесува на мерките за обезбедување на присуство.

По конкретната иницијатива, доставено е Известување НСК – КОВ бр.4/17 од 01.11.2017 година, во кое се известува дека нема да се поднесе Барање за заштита на законитоста, од причина што не е повреден Уставот на Република Македонија, закон или меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија, поради што не постојат основи за поднесување на барање за заштита на законитоста согласно чл.457 од ЗКП.

**IV-53. НСК – КОВ бр.1/18**

Во врска со барањето мислење по молба за продолжување на прекин на издржување на казна затвор на осуденото лице А.Д., од страна на Јавното обвинителство е доставено Мислење НСК – КОВ бр.1/18 од 04.01.2018 година по молба за продолжување на прекин на издржување на казна затвор на осуденото лице А.Д. до Основен суд Скопје 1 Скопјен - Оддел за извршување санкции.

**IV-54. НСК – КОВ бр.2/18**

Во врска со барањето мислење по молба за продолжување на прекин на издржување на казна затвор на осуденото лице М.Е., од страна на Јавното

обвинителство е доставено Мислење НСК – КОВ бр.2/18 од ден 10.01.2018 година по молба за продолжување на прекин на издржување на казна затвор на осуденото лице М.Е. до Основен суд Скопје 1 Скопје - Оддел за извршување санкции.

## V. Соработка на ова јавно обвинителство со други државни органи

Тенденцијата за изразување подготвеност за соработка со ова Јавно обвинителство од страна на поголем дел од институциите како и нивната подготвеност за постапување во рамки на законски пропишаните обврски на која укажав и во четвртиот Извештај продолжи и во овој Извештаен период.

Уште повеќе, особено е значајно да истакнам дека во текот на петтиот извештаен период конечно е воспоставена меѓуинституционална соработка меѓу ова Јавно обвинителство и Јавното обвинителство на Република Македонија. Во оваа насока одржав работни средби со Јавниот обвинител на Република Македонија, како и со в.д. јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и со в.д. Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје. На средбите беа дискутирани актуелните реформи во правосудниот систем и неопходната активна вклученост на јавните обвинителства во претстојните измени во законите со кои се регулира кривичната материја, особено во однос на поставеноста и организацијата на обвинителствата. При тоа на сите средби беше постигната согласност од аспект на значењето на меѓусебната поддршка и почит со цел успешна реализација на суштинските реформи кои ќе придонесат за подобрување на улогата на јавниот обвинител во целокупниот правосуден систем во државата, како и остварување успех во справувањето со организираниот криминал и корупцијата.

Во овој извештаен период значајно е да нагласам дека во одреден дел е надминато отсуството на институционална соработка со Академијата за судии и јавни обвинители имајќи предвид дека во текот на петтиот извештаен период до ова Јавно обвинителство за првпат е доставен Каталогот за обуки организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители на кој начин од почетокот на 2018 година што е овозможена реализација на обврската за посета на задолжителната континуирана обука на јавните обвинители но и можност за учество на генералните и специфичните обуки од страна на стручните соработници во ова Јавно обвинителство во функција на унапредување на нивните знаења и професионална надградба.

И со состојбите одсликани во овој Извештај е евидентно дека ова Јавно обвинителство досега во континуитет ги почитува сите одлуки донесени од страна на судот по однос на предметите во кои постапува. Сепак, сметаме дека е потребно и натаму да останеме доследни во намерата да ги искористиме сите законски механизми кои ни стојат на располагање во случаите во кои цениме дека постојат аргументи во поткрепа на нестручно и несовесно вршење на

судиската функција од страна на одредени судии во рамки на предметите од ова Јавно обвинителство по кои истите постапуваат. Во оваа насока а имајќи го предвид наведеното на пошироката јавност и е познато дека во претходниот период до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија, ова Јавно обвинителство поднесе претставки за утврдување на одговорност на вкупно 5 судии при Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Во врска со трите поднесени Иницијативи за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција за 5 судии при Основниот суд Скопје 1 Скопје до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија укажуваме дека иницијативите за 3 судии беа отфрлени како неосновани, без било какво образложение за евентуално спроведените постапки со цел проверка на наводите во нашите иницијативи. Кон крајот на овој извештаен период од страна на Судскиот совет бевме известени дека со донесување на Законот за престанување на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија претставките ги превзема Судскиот совет на Република Македонија. Изразуваме уверување дека Судскиот совет ќе ги превземе сите потребни дејствија за проверка на наводите во претставката поднесени за 2 судии при Основниот суд Скопје 1 при што темелно ќе ги анализира наводите поткрепени со факти и ќе не извести за исходот од спроведената постапка.

Воедно, потребно е да истакнам дека и покрај фактот што во четвртиот извештај беше констатиран напредок од аспект на превземените напори за вклучување на ова јавно обвинителство во работата на работните групи формирани од страна на Министерството за правда задолжени за подготовка на Предлог текстови на законите во насока на имплементирање на препораките на Венецијанската комисија и тоа во Законот за заштита на укажувачи и Законот за заштита на приватноста, како и донесување на измените на Законот за заштита на сведоци, и покрај нашиот активен придонес и учество, од страна на Собранието на Република Македонија наведените законски решенија сеуште не се донесени.

Истовремено, ова Јавно обвинителство изрази подготвеност за вклучување и давање активен придонес во работата на работната група задолжена за изготвување на законските решенија од казнено правна област согласно усвоената Стратегија за реформа на правосудниот сектор. Сепак, и покрај изразената подготвеност и упатените укажувања загрижува фактот што во целиот изминат шест месечен период од страна на надлежните институции не се превземени конкретни мерки за изготвување на соодветни законски решенија во утврдената временска рамка, а со кои би се регулирал и на соодветен начин би се решила правната положба на Специјалното јавно обвинителство согласно целите утврдени со Стратегијата.

## VI. Меѓународна соработка на јавното обвинителство со меѓународните институции и тела

Во петтиот извештаен период особен акцент беше ставен на на меѓународната правна помош и соработка која претставува исклучително важен елемент во поддршка на работата на Јавното обвинителство за онење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Зголемениот обем на работа во смисол од аспект на отворените предмети, меѓународниот елемент на значаен дел од нив, како и фазите во кои голем дел од предметите се наоѓаат, неминовно ја налагаат потребата од користење на меѓународната правна помош. Дотолку повеќе заради тоа што обезбедувањето на податоци и документација во предметите по кои постапуваме преку барања за меѓународна правна помош претставува исклучително сложена постапка која во голем дел од случаите бара подолг временски период во кој сме принудени да чекаме одговори од релевантните институции во земјите до кои барањата се упатени.

Во оваа насока, укажуваме дека потребата од воспоставување на подиректна соработка, како и соработка на оперативно ниво во почетните фази од отворените предистражни постапки како на ниво на обвинителства, така и на полициско ниво и во регионот но и на меѓународно ниво е исклучително важен елемент и предуслов од кој зависи натамошниот тек на предметите во кои нејзиното користење е неопходно.

Препознавањето на важноста од обезбедување на сите неопходни алатки во насока на целосно и темелно истражување и гонење на кривичните дела кои се во наша надлежност но и позицијата на Специјалното јавно обвинителство во меѓународни рамки е потврдена со фактот што во текот на петтиот Извештаен период и официјално започна три годишниот проект „Заедно за одговорност: Поддршка на Специјалното јавно обвинителство во зајакнувањето на неговите оперативни капацитети и капацитетите за меѓународна правна соработка“ финансиран од Министерството за надворешни работи на Холандија преку програмата „Матра“ во кој наши партнери се Центарот за меѓународна правна соработка СИЛК од Холандија и Јавно обвинителската служба на Холандија.

Иако целта на овој проект е поддршка на Специјалното јавно обвинителство во неговиот мандат за истраги и гонење преку развивање на неговите оперативни капацитети за ефективно водење на истраги и гонење и зајакнување на неговите капацитети за меѓународна правна соработка сепак сметам дека истиот има исклучително значење на генерален план од аспект на обезбедување на владеење на правото во Република Македонија, како и враќање на довербата на граѓаните во правосудниот систем. Во оваа насока, би сакала да потенцирам дека и покрај специфичната надлежност која ја има Специјалното јавно обвинителство, сепак, основната цел која ја делиме со сите јавни обвинителства е борбата против организираниот криминал и корупцијата

и во текот на целокупното наше работење вложуваме напори да дадеме свој придонес на планот на генералната превенција. Од овие причини, уверена сум дека овој проект ќе претставува уште еден поттик и инспирација и за останатите јавни обвинителства за искористување на сите расположливи механизми во поддршка на нивната работа, охрабрување за меѓуинституционална соработка, но и давање свој максимален придонес во обезбедување на одговорност и отчетност на институциите во Република Македонија.

Единствено на овој начин заеднички, ќе успееме да покажеме дека Република Македонија ги поседува потребните капацитет да претставува успешен пример за земја во која владењето на правото функционира, но и дека правосудните институции располагаат со потребните капацитети за справување со организираниот криминал и корупцијката во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Ова јавно обвинителство заедно со колегите-јавни обвинители од Јавното обвинителство на Република Македонија, како и претставниците на надлежните институции од овој извештаен период е вклучено и во ИПА/2017 Проект Справување со сериозен криминал во Западен Балкан каде дадовме свој придонес во изготвувањето на работниот план на проектот и дефинирање на проектните активности

Воедно, во текот на извештајниот период ова јавно обвинителство учествуваше на XII Поткомитет за правда и внатрешни работи и беше вклучено во рамки на V –тиот круг на евалуација на ГРЕКО (Групата на држави против корупција) на Совет на Европа на тема: "Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот".

Како институција која претставува дел од домашниот правосуден систем која има значајна улога во делот на владеењето на правото, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од овој период е веќе вклучено во Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за 2017-2018 година, согласно 18-от циклус на Акциониот план за членство.

Ми претставува особено задоволство што во извештајниот период имав можност да остварам средба со генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг во рамки на неговата посета на Република Македонија. Одржувањето на оваа средба е доволен показател за важноста од работата на ова Јавно обвинителство кое има институционална одговорност за истражување на кривичните дела кои се поврзани и произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во функција на обезбедување на владеењето на правото и враќање на довербата на граѓаните во институциите

на државата како еден од клучните предуслови за членство на Република Македонија во НАТО.

Особено е важно во овој Извештај да се потенцираат високите признанија доделени од страна на Меѓународниот институт за блискоисточни и балкански студии (IFIMES) за „Најдобар главен обвинител на Балканот“ и „Најдобро обвинителство во регионот на Балканот“.

При тоа, сметаме дека е од значење да се цитира дел од аргументацијата на Меѓународниот институт за блискоисточни и балкански студии во однос на причините за доделување на овие високи признанија “*Во напната атмосфера меѓу граѓанскиот активизам и авторитарните политички структури, се појави светла точка на македонсксата сцена – Специјалното јавно обвинителство и главниот обвинител на тоа Обвинителство Катица Јанева. Малку кој веруваше дека Специјалното јавно обвинителство ќе успее во такви околности да ја оствари својата мисија. Со неуморната работа Специјалното јавно обвинителство се позиционираше како централна институција во борбата против криминалот и корупцијата. И, што е можеби и уште поважно, ја врати надежта во подобра иднина и во враќање на украдената држава и на демократијата. Успехот на Специјалното јавно обвинителство и на Специјалниот јавен обвинител е препознаен не само во Македонија, туку и во регионот на Балканот Заради тоа, Специјалниот јавен обвинител и обвинителството кое таа го раководи, се пример за другите обвинителства во регионот. Врз основа на горенаведените, но и на сите претходни напори и ангажирања, како и активности за воспоставување на правна држава, за процесуирање на носителите на криминалот и на корупцијата”.*

*“Успесите на Специјалното јавно обвинителство се успех на сите вработени во Обвинителството, но и успех на сите граѓани на Македонија, на кои им се во прв план иднината на Република Македонија и нејзините граѓани. Без желбата и без поддршката од граѓаните, успехот на Специјалното јавно обвинителство немаше да биде импозантен, бидејќи граѓаните покажаа желба и намера да се дојде до коренити промени во Македонија, во која никогаш повеќе нема да има незаконско прислушување на граѓаните, ниту власт која ќе биде носител на незаконско прислушување, криминал и корупција, со бројни привилегии само за избрани. Заради тоа, Специјалното јавно обвинителство е носител на позитивни промени и процеси во Република Македонија, а тоа се однесува пред се на процесуирање на ноистелите на јавни функции за сторен криминал и корупција, како и за воспоставување на правна држава и владеење на законите за сите граѓани. Резултатот на Специјалното јавно обвинителство стана препознатлив не само за Македонија, туку и пошироко, во регионот на Балканот”.*

## VII. Односи со јавноста

Ова Јавно обвинителство и во овој петти извештаен период ја продолжи практиката за своите активности редовно да ги информира медиумите. Потребно е да се има предвид дека со оглед на тоа што во овој шестмесечен извештаен период започна поинтензивно одвивање на поголем број на судски рочишта по предмети на ова Јавно обвинитеслство, новинарите беа во можност не само да ги следат овие судски процеси, туку и директно да се информираат за текот и напредокот на постапките кои ги води ова Јавно обвинителство. Започнувањето на судските рочишта по голем дел од предметите несомнено придонесе за зголемување на интересот на медиумите за работата за кое нешто сведочи и архивата на објави од сите новинарски родови кои се однесуваат директно или пак, индиректно на нашето Јавно обвинителство. Одделението за односи со јавноста во електронска форма во овој период има архивирано близу 3.100 новинарски објави.

Во интерес доследно почитување на начелото на транспарентност, продолживме со практиката на објавување на сите поважни информации на нашата веб – страница jonsk.mk каде можат да се најдат не само соопштенија, туку и целосни прес-конференции на ова Јавно обвинителство, како и содржината на сите обвинителни акти и истраги, па и воведните говори на јавните обвинители во судските процеси кои стигнале до таа фаза.

Воедно, на нашата веб – страница во овој период е воведена и рубриката „распоред на судења“ каде новинарите директно може да се информираат за датумите и времето на судските рочишта кои ги застапува ова Јавно обвинителство.

Во текот на овој извештаен период во просториите на ова Јавно обвинителство одржани се и две прес – конференции на кои на сите медиуми им беше овозможено да постават прашања поврзани со работата на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

И во овој извештаен период учествувавме со свои излагања на повеќе конференции, работилници и семинари вклучително и во организација на различни граѓански организации. Воедно имавме повеќе јавни обраќања во кои изнесовме ставови како во врска со работата и активностите превземени од страна на ова јавно обвинителство. Покрај тоа, беа дадени интервјуа и беа објавени текстови за работата на Специјалното јавно обвинителство во домашни и странски електронски и печатени медиуми. Активностите превземени од страна на ова јавно обвинителство во борба против организираниот криминал и корупцијата беа уште еднаш потврдени со потпишување на Декларацијата за борба против корупцијата, што беше подготвена од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови со што беше изразена поддршка на сите чинители во општеството кои се залагаат за спречување и казнување на криминалот и корупцијата од кој било вид.

Заложбата за транспарентност и за отвореност кон сите медиуми ова Јавно обвинителство ќе продолжи да ја спроведува и во наредниот период во насока на доследно почитување на начелата на транспарентност и отчетност во работењето.

## VIII. Заклучни согледувања и идни предизвици

Во текот на овој извештаен период воспоставена е соработка со Јавното обвинителство на Република Македонија, како и со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основното јавно обвинителство Скопје со што надминати се дел од пречките со кои се соочуваше ова Јавно обвинителство од аспект на институционална соработка при што и поголем дел од институциите продолжија да изразуваат подготвеност за соработка во рамки на законски предвидените обврски. Овој извештаен период ќе го одбележи исто така и проширеното предметно постапување, позачестена соработка со други државни органи, но и поинтензивната соработка со меѓународни институции. Ова Јавно обвинителство како досега така и во иднина ќе продолжи да постапува исклучиво во рамки на своите законски овластувања користејќи ги при тоа сите законски механизми кои ни стојат на располагање па оттука сме уверени дека институциите ќе соработуваат во истата насока со цел овозможување на Јавното обвинителство да ги исполни своите законски предвидени надлежности и мисијата која му е доверена.

Несомнено дека успесите кои досега ги постигнавме во голем дел се должат и на концептот на организациска и структурална поставеност на Специјалното јавно обвинителство кој го воведов, а кој вклучува проактивен и координиран пристап и заедничка работа меѓу јавните обвинители, истражителите, стручните соработници, економските советници и ИТ одделението што се покажа како ефикасно и даде значаен придонес во резултатите од досегашната работа на ова Јавно обвинителство.

Како што наведов и во претходниот извештај имајќи ги предвид ефектите на ваквиот начин на соработка и успешното функционирање на истражителскиот тим во рамки на ова Јавно обвинителство, како и потребата за формирање на Истражен центар во согласност со Законот за кривична постапка користејќи ги досегашните искуства во нашата работа заедно со мојот тим го разработивме концептот и подготвивме Правилник за формирање на истражен центар. Изразуваме уверување дека и во претстојниот период ќе успееме да дадеме свој придонес во конечно поставување на функционален концепт на екипиран истражителски тим кој ќе претставува столб на успешен и ефикасен истражен центар чии ресурси и капацитети за поддршка во работата на јавните обвинители и ефикасно водење на кривичната постапка ќе бидат од полза не само за ова туку и за останатите јавни обвинителства.

Уште еднаш го изразувам своето уверување дека во претстојниот период, а во што е можно покус рок, ќе се превземат мерки за изнаоѓање на соодветно

законско решение со кое ќе се регулира правната положба на Специјалното јавно обвинителство во смисла на обезбедување на законски механизми и отстранување на сите пречки со цел овозможување на ова Јавно обвинителство до крај да ги истражи кривичните дела кои се во негова надлежност и негово непречено постапување имајќи го пред се предвид јавниот интерес.

Во оваа смисла сметаме дека е потребно надлежните институции сериозно да го земат предвид фактот што ова Јавно обвинителство претставува исклучително важен институционален механизам кој има важна улога во процесот на обезбедување на целосно владеење на правото во Република Македонија. Отука потребно е да се утврдат конкретни временски рамки и да се преземат потребните мерки за прилагодување на законските норми, со цел на ова Јавно обвинителство како самостојна институција во јавнообвинителскиот систем на Република Македонија да му се овозможи автономност во постапувањето, и тоа не само по делата од сегашната негова надлежност, туку да добие надлежност и за гонење на кривични дела на корупција од висок профил.

Воедно, сите политички субјекти кои дадоа поддршка за формирањето на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите чија основна задача претставува да утврди кој, на кој начин и за кои цели го вршел незаконското следење на комуникациите имаат обврска сериозно да го согледаат јавниот интерес и интересот од значење за Република Македонија и нејзините граѓани и да изразат поддршка во овозможување на владеењето на правото во земјава преку донесување на законските решенија со кои ќе се отстранат пречките во постапувањето на ова Јавно обвинителство и ќе му се овозможат законски услови до крај да ја исполни мисијата која му е доверена. Како што веќе и наведов, со тие законски решенија потребно е да се овозможи да се искористат несомнените капацитети и искуства на ова Јавно обвинителство за борба против корупцијата и ова Јавно обвинителство да добие надлежност за гонење на сторители на коруптивни кривични дела од висок профил и перење на пари.

Особено ме радува фактот што и покрај одлуките со кои аудио снимките беа издвоени како докази кои не можат да се користат во судските постапки, со донесување и на сите останати решенија од страна на Апелациониот суд Скопје по однос на поднесените обвиненија се отстранија сите дилеми присутни во стручната јавност за тоа дека аудио снимките претставуваат дел од доказниот материјал и може да се користат како докази во судските постапки.

Иако една од карактеристиките на петтиот извештаен период е присуството на јавните обвинители на закажаните рочишта во идниот период изразувам уверување дека судот поинтензивно ќе ги закажува рочиштата по поднесените и одобрени обвиненија со што мене како Јавен обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на

комуникациите и Јавните обвинители во ова Јавно обвинителство ќе ни се овозможи во соодветни судски постапки да ги докажеме кривичните дела кои им се ставаат на товар на обвинетите со поднесените обвиненија. Ова особено го потенцирам заради тоа што сметам дека е потребно од страна на судот да се има предвид сериозноста на кривичните дела кои се предмет на обвиненијата поднесени од страна на ова Јавно обвинителство во смисла на обезбедување непречено водење на судските постапки како и избегнување на нивното непотребно одлагање. Во оваа насока сметам дека судот има обврска да се воздржи од постапување кое е насочено кон успорување на правдата.

Истовремено, би сакала да ја информирам пошироката јавност дека покрај учеството на судските рочишта, како резултат на интензивната работа и опсежните дејствија превземени во отворените предистражни постапки во идниот период ќе отвориме истраги за предмети во кои утврдувањето на вистината како и обезбедувањето на кривичната правда е од големо општествено значење и од исклучителен интерес за граѓаните на Република Македонија.

Нашата мисија е истражување и гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, со цел спроведување на правдата преку принципот на владеење на правото. Ова Јавно обвинителство секогаш ќе се раководи од принципот на еднаквост на граѓаните, стремејќи се да ја зголеми довербата на граѓаните во правосудниот систем преку транспарентно и независно постапување, за што гарант е автономноста на ова Јавно обвинителство.

Ве уверувам дека ова Јавно обвинителство и понатаму ќе остане одлучно во намерата да обезбеди независно, непристрасно и професионално водење на истрагите по однос на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите со што ќе успееме да обезбедиме почитување на начелото на еднаков третман на сите граѓани пред Уставот и законите и ќе влијаеме на намалување на степенот на неказнивост присутен во општеството.